## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Осумдесет и осмаста седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 ноември 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеничката Весна Јовановска ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Продолжуваме со работа по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за слободни економски зони, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон

За збор се јави пратеникот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Ова е реплика на синоќешното излагање на г.Никола Поповски, кој зборувајќи по законот го спомена и проектот Тајван и даде критички основ врз тоа.

Сакам само да одговорам на некои неточности кои беа искажани, дали е Тајван територија или е држава.

Само да потсетам дека минатиот викенд во светската трговска организација беше примен и Тајван, непосрендо ден после приемот на НР Кина. НР Кина од тоа не направи никакво впроблем. Испаѓа дека г. Поповски е поголем кинез и од самите кинези па ги брани националните интереси на Кина.

Понатаму беше спомнато дека тоа е политички проект. Воопшто не е точно. Тоа беше чист економски проект. Тајван даде некаде преку 150 милиони долари или 300 милиони марки на РМ, што во облик на грантови што во облик кредити со многу поволни услови. Притоа, ниеднаш не стави забелешка, или условување до РМ, за човекови права, да се постапи вака, да се постапи така, или недајбоже да се менува Уставот.

По влегувањето на СДСМ во Владата, некако приоритетно стана прашањето на воспоставување на дипломатски односи со Кина.

Бев у беден дека нема да добиеме парична помош од Кина, на пример немкои 20-тина или 100 милиона марки, заради кризата во која се наоѓаше РМ. Мислев, дека е излобирано во Пекинг тие политички да се заземат за Македонија да добие некои донации, каде што е членка на Со-ветот за безбедност и тоа со право на вето, па ќе ги отвори прашањата како тоа од протекторат на ОН е загрозена една држава, како тоа терористи и оружје од протекторатот на ОН доаѓаат терористи и оружје како тоа командантите на КЗК, УЧК, на пасош и плата од ОН. Но, од сето тоа ништо. Значи, се влегува во старата и позната шема на сентенцата која многу пати сме ја слушале меѓу двете земји на традиционално добри односи и соработка

Македонија на релацијата Вашингтон, Европска Унија, Москва и Пекинг, очигледно се загуби во лавиринтот на меѓународната политика и се случи тоа што се случуваше во овие десетина години, економско деградирање, невиден грабеж, минимум инвестиции, и на крај војна.

Господинот Поповски вели дека владините проект со Тајван е упад во платниот систем. Јас би сакал уште некоја земја да упадне во платниот систем на РМ со 200-300 милиони марки.

Ние молиме за донаторска конференција која е неизвесна, дали и кога ќе се одржи, веројатно за многу помалку пари, а со многу повеќе отстапки. Дали РМ, со солиден партнер, со подобри економски перформанси ќе беше толку ранлива, на сите притисоци од страна. Тоа е прашање околу кое сите треба да се замислиме. Јас мислам сигурно не.

Што се однесува до Законот за слободни зони т.е. индустриски зони, кој е донесен и постојано се доградува, а интензивно се работи на тоа тој да не профункционира. За жал индустриските зони станаа воени зони и таквото однесување на Владата додека ние бевме во неа, не соработка, кочење, на важни процеси, беше една од причините заради која ние излеговме. Сега гледам СДСМ ги наведува истите причини при своето излегување од Владата, што само ја потврдува нашата теза и нашиот став.

Дали РМ, ќе одбере партнер кој сесрдно ќе помага, или партнер кој ќе не условува за да ни помогне, или партнер кој воопшто нема да ни помогне, е повеќе од прашање на избор. Тогаш, станува збор за имање или немање на стратегија и филозовско психолошки поглед на работите.

Македонија треба да избега од стереотипните жени во надворешната политика и да ги гледа и бара своите интереси во тоа.

Следната криза која ја очекува РМ, после војната, која се надевам дека бргу ќе заврши, ќе биде економската, која навистина тешко ќе не погоди и од која тешко ќе се излезе. Само на ваков начин РМ, ке може да исплива од таквите длабоки и матни води.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално за збор се јавува г-динот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Дами и господа пратеници, јас сакав да интервенирам процеудрално бидејќи на дневен ред имавме измени и дополнувања на Законот за слободни економски зони, Тајвам, ду ри се

спомнуваше и КЗК, се споменуваат и човекови права. Јас сметам дека е сега нечесно, после овие уставни промени, сега кога треба да ја вратиме довербата, да почнеме да ги мешаме КЗК со слободните индустриски зони. Ве молам, да не ја егзолтираме таа теза туку да се концентрираме на овие реални работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г.Илија Пемов.

**ИЛИЈА ПЕМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата почитувани пратеници,

Јас би сакал да му реплицирам на г-динот на Никола Поповски, за неговата дискусија вчера, пред да прекине седницата затоа што кажа дека Законот за слободни економски зони бил политички проект кој бил донесен само заради признавањето на Тајван, и тој претставувал упад во економскиот систем и дисторзија во економскиот систем и поради тоа требало да се укине.

Денес во светот постојат стотици слободни зони, економски, трговски, царински, производни, секаков вид на слободни зони. Такви ги има и на Балканот и во Европа, во земјите во транзиција, ги има во Азија, особено во земјите на далечниот исток. Впрочем, ги има на сите континенти па дури и во САД, знаеме во Тексас, на границата со Мексико на реката Рио Гранд. Има, и цели мали држави, како на пример Сингапур, итн., кои се уредени како еден вид слободни економски зони. Сите тие земји, нормално ги имаат основано, уредено, и тие слободни зони функционираат според закони слични или исти како нашиот закон и слободни економски зони.

Зошто се тврди дека нашиот закон е политички проект, кога такви закони постојат и ги имаат речиси сите земји во светот. зарем и тие земји со тоа извршиле упад во нивните економски системи, или дис-торзии во нивните економии, како што кажа г-динот Поповски.

Ние во Македонија одамна имаме закон за слободни економски зони. Уште во далечната 1985 година, во тогашната СФРЈ беше донесен законот за царински зони кој во 1990 година Владата на Анте Маркмовиќ го замени со закон за слободни царински зони, кој пак беше преземен од Владата на РМ, како републички пропис и важеше за време на двата мандати на г-динот Црвенковски, се до 1999 година, кога Владата на г-динот Георг евски раз работи и предложи, а овој собраниски состав го раз гледа и усвои Законот за слободни економски зони, со што во многу беше подобрен стариот закон и беше прилагоден за н овото време и новите прилики. Значи не е точно дека Законот за слободни економски зони е политички проект, донесе, како што вели г.Поповски, само заради Тајван и би претставувал упад во економскито систем на Македонија. Значи сличен закон имавме и пред тоа. Тоа пак што тој закон и можностите кои тој ги нуди, беше потполно заборавен од Владата на г-динот Црвенковски тоа пак е посебна прикаска. За тоа најмалку, некој како г-динот Поповски, или од нивната политичка партија може да зборува и да кажува дека овој закон, еве три години од донесувањето не бил ефектуиран, кога, тие имаа таков закон и во два мандати не мрднаа ниту со пст да го ефектуираат.

На крајот би сакал да кажам дека кај нас во РМ, затоа веќе еднаш сум зборувал во Собрнаието, 11 години веќе постои и функционира слободна зона. Тоа е слободната зона ФЕНИ односно ФЕНИ-Мак во Кавадарци. Тоа е нешто на што се однесува и стариот и овој нов закон, актуелниот закон. Таа зона исто така нема баш н икаква врска со Тајван.

Не е тука г-динот Поповски, би сакал да го слушнам, дали тој мисли дека и функционирањето на слободната трговска зона ФЕНИ е политички проект, или како што кажа упад во економскиот систем. Јас доаѓам од таа зона, пред да станам пратеник работев таму и сега тука ги застапувам тие 1300 работници и н ивните семејства, бидејќи во таа зона егзистираат и ФЕНИ-МАК и ФЕНИ индустри и РУД-КОП и ФЈОРД, и затоа морав да реагирам, кога еве некој го оспорува Законот за слободни економски зони и тврди дека бил политички проект, заради Тајван, и кажува дека нема причини тој закон да постои бидејќи, како што вели невродувал никакви резултати.

Исто така г.Поповски кажа и дека "идната влада" ќе биде против таквите дисторзии во економскиот систем", незнам на која Влада мисли. Тогаш, би сакал да прашам зошто во двата мандати, додека тие

беа на власт не го укинаа тогашниот закон за слободни царински зони или не ја укинаа слободната зона ФЕНИМАК, ако тоа било дисторзија. И дали тоа, би сакал да з нам, значи, ако тие повторно дојдат на власт планираат да го укинат тој закон и да ја укинат слободната з она кон нив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една напомена. Да не навлегуваме во непотребни меѓусебни расправи. Секој закон е политички проект. Тоа е кога ќе се донесе државен акт. Така да понекогаш се прават кавги околу нив.

Има збор г-динот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Господине претседателе, ќе ми дозволите, во отсуство на координаторот на пратеничката група на СДСМ само накратко да кажам дека неговото инсистирање, согласно расправата на пратеничката група што сме ја воделе беше тоа што Законот уште поштено незаживеал ни после две години, а по трет пат се предлагаат измени на законот.

Инаку, зоната Бунарџик која беше поврзана со Тајван, не може никако да се порекне на оваа седница на која ние одвај десетина

петнаесет пратеници присуствуваме. Тоа е јасно. Жртвите кои Македонија требаше да ги понесе со тоа што мораше да ги суспендира односите со Република Кина - Тајван, и повторното воспоставување, апсолутно не треба да се споредуваат и да се мерат. После повеке од две ипол односно три години коалицијата за промени, не се воспостави, тука СДСМ не беше пречка што не се воспоставија односите со Република Тајван. Според тоа, дека тука имаше нечисти работи и некои недокрај дефинирани политички интереси, тоа е факт, и мислам на тоа прашање не би требало да се навраќаме и односите со Република Кина ќе дадат резултати на долги стази.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за стопанство Бесник Фетаи.

**ВЕСНИК ФЕТАИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Само накратко сакам да потенцирам неколку работи. Предлог измените и дополнувањата на Законот за слободни економски зони не се однесува само за бунарџик, доколку мислите на тоа, туку се однесува за целата национална економија и по потреба Владата на РМ, ке реагира. Поради реформските зафати што ги имаше Влдата во последниот период, донесовме з акон за државни органи. Токму поради тоа го усог ласивме тој закон со измените и дополнувањата. Тоа значи дека формираме управен одбор од сите ресорни министерства. Токму поради овие измени и дополнувања на Законот кои беа подготвени во Министерството во месец јануари, ние не можевме да донесеме одлука бидејќи не постоеше управен одбор во дирекцијата на слободните економски зони, за фени индустрии.

Мислам дека овој Предлог закон за слободните економски зони, ќе се однесува за цела национална економија, особено за рударите, кои не се во можност да функционираат, доколку не се лоцираат во такви зони. Денес успешно функционира ФЕНИ токму поради тоа што, според старите системски решенија на поранешна Југославија, ние како Влада донесовме одлука да функционира како слободна царинска зона. Сега со измените и дополнувањата со законот, во тој случај ќе се формира управен одбор, ќе се усогласува со Законот за државните оргнаи и во тој случај дирекцијата за слободни трговски зони ќе има право да донесува одлука по потреба, во некоја зона и да го прогласи тоа. Еве денес Југохром се бара да биде слободна економсмка зона да може да продава на стратешки инвеститор. Со тоа сакам да потенцирам дека Законот за слободни економски зони кој се однесува на целата држава, ќе овозможи привлекување на странски директни инвестиции а истовремено ке овозможува и зголемување на извозот.

Поради тоа, овие зони треба да функционираат. Меѓутоа се поставува пра-шање дали географските положби се соодветни за функционирањето на овие зони. Мислам, дека треба да се прифати, се со цел ефикасно да ни функционираат некои фабрики во државата кои ќе сакаат да инвестираат, а не се во можност да инвестираат надвор од слободните економски зони.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Оломан Сулејмани)

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот.

За збор се јави Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Јас го прифаќам образложението на министерот. Камо среќа да имавме услови, без измена и дополнување на овој закон тој да профункционира. Меѓутоа тој како што еволуираше сознанието и како се усогласуваа и другите закони, законски акти, кои ние ги донесовме во ова Собрание, така, нормално и другите законски проекти треба да се усогласат за да имаме една конзистентна законска регулатива.

Меѓутоа, јас сум испровоциран од две дискусии, претходната од колегата од СДСМ и од вчерашната дискусија на нивниот координатор и сакам сосема накратко, во неколку точки таксативно да набројам каде се дискрепанците во однос на нешто што миксаме како маркетиншко политичко мислење за одреден партикуларен законски проект кој нема врска со она што е дадено како содржина на измени и дополнувања на законот.

Како прво, ова не се работи само за слободна царинска зона како што е Тајван и знак на еднаквост не може да се поврзе помеѓу тие две работи, туку се работи за еден комплекс на прашања кој што регулира слободни царински зони и измените и дополнувањата ако колегите го прочитале тој предлог на закон подразбираат усогласување со претходно донесениот корпус на закони во државната управа. Тоа е под број еден.

Под број два нема пример во светот каде што земјите кои што не ги исфорсираа и убрзаа и донесоа законито за слободни царински зони и добро ја организираат државата за да тие се развијат кои што немаа огромен подем во економскиот развој и тука паѓаат сите можни варијанти за поништување, или добивањо на некои политички поони, бидејќи овде се работи за една искрена желба тие зони да профункционираат. И во овој случај апсолутно ниту мене, ниту некој ниту во Собрание, ниту надвор од него не троба да го интересира од која политичка превиненција се работи за интересите на државата и за економскиот развој на државата.

Трето, се чудам што координаторот на СДСМ кој што е економист, порспективдн и млад но ги согледал овие работи и дури ги

поврзува со тоа да еве, место економските зони, се прават воени зони. Јас би прашал обратно, кога СДСМ влеза во Владата на широката коалиција какви беа состојбите и беа ли тие воени зони? И не можат сега да со исперат од нешто што додека тие беа во власта се воспостави. Не сакам да влегувам во политички, безбедносни и други анализи, меѓутоа овде очигледно имаме одно мешање на работите, со работи за една сосема јасна дополна, измона на законот и со работи за еден комплекс на закони кој што единствено утре ќе биде оден од столбовите врз кој може државата да се развие во економска смисла на зборот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави господинот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Да немаме недоразбирање. Пратеничката група на СДСМ не е против развојот на слободните царински зони. Во прашање е, што пак ќе повторам се предлага по трет пат измена, а тој закон не профункционирал. И околу прашањето на Бунарџик и Тајван. Камо среќа со Тајван и понатаму да се развиваат економските односи на Република Македонија и Тајван. Меѓутоа, тие односи и тие слободни царински зони од примерот на Бунарџик да не беа политичка уцена за дипломатско признавање од една страна на една држава, а суспендирање на дипломатските односи со една членка на Советот за безбедност од што Македонија и имаше последици и можеше да има последици ако таа грешка не се исправеше. Јас мислам да немаме некои недоразбирања. Тука беше и интервенцијата на нашиот координатор.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Има збор господинот Радомир Карангелевски.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Јас му благодарам на господинот Ковачевски што призна дека нас ни се потребни вакви слободни економски зони. Меѓутоа, пак се навраќа на оној корпус на политички прашања и бидејќи е експерт по меѓународно право гледам, би го прашал само кои се тие изнудени работи со Народна Република Кина и дали ние ја избркавме, или тие едноставо ги замрзнаа односите. Тие не ги раскинаа дипломатските односи, туку ги замрзнаа со оглед на признавањето. А зборовите уцена итн, апсолутно се апсурдни да се употребуваат во Собранието во смисла на признавањето на Тајван, бидејќи Тајван воопшто не условувал, тој дури после неколку месеци како една од можностите за економска соработка 6еше и проектот слободни царински зони, односно економски зони. Така што тоа апсолутно не држи и јас пак молам да зборуваме за реални настани и состојби и ситуации.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:**

Сега секој човек има право на својата вистина. И секој си поаѓа од свои позиции и си ја кажува таа вистина. За име на вистината во светот не се зголемуваат царинските зони, туку опаѓаат. И денеска тие се присутни во повеќе неразвиени земји отколку во развиените. Развиените комплетнмо ги напуштаат. Меѓутоа, треба да се прави се што значи развој на економијата, да се искористат сите можности било тоа да се работи да се направи некоја поширока зона, но која навистина има логика и оправдување, или во потесен да кажам така појас каде што можеби егзистираат некои постојни објекти. Факт е само едно да не треба да се прави таму каде што се нанесуваат големи штети, како на прим^р оваа зона тука во Скопје, намерно не сакам да ја кажам Тајванска, затоа што мислам наша треба да биде, а таму пишува тајвански. И се уништува едно прекрасно земјиште, а ние имаме предели кои за ништо друго не ги бидува, туку за градење на вакви објекти како што е левата страна на реката Вардар, Серта итн. Според тоа правејќи нешто што сакаме да го кажеме по секоја цена дека е корисно, а нанесувајќи од друга страна огромни штети, уништувајќи едно плодно земјиште практично не правиме ништо корисно. Јас ќе молам тие зони да бидат потполно дефинирани денеска и тоа што е направено еве, користи за нешто. Мислам дека таму е сместена "Килибарна лисица". Па добро е, да има некаде каде да се смести. Но, треба многу паметно, многу интелигентно, да не се трошат пари таму каде што не треба. Зоните се прават во делови каде што се развива некое производство кое оди исклучиво на извоз. Ако имаме ние такво производство и ако имаме такви можности и да не се оптоварува тоа со царини итн, да го правиме, но да се направи навистина една логижна студија и да се види дека тоа е оправдано и ќе ни донесе ефекти вработување итн. Инаку барем досега тоа не ги даде очекуваните ефекти.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Има збор господинот Илија Ѓорѓиев.

**ИЛИЈА ГОРЃИЕВ:**

Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека законот за слободни економски зони иако по трет пат го ревидираме и треба да донесеме некои измени. Сакам да кажам дека политичкиот дел на законот да го елиминираме, меѓутоа факт е дека она што се направи со зоната Бунарџик е овидентно што таму стана. Меѓутоа, како стопанственик мислам дека овој закон треба да се донесе и дека треба да се даде можност да се напишат, да се направат пропозиции на кој начин и сите други стопански

субјекти во државата кои се извозно ориентирани ќе можат да добијат можност да станат слободни економски зони, бидејќи стопанството кое е извозно ориентирано навистина е доста увозно зависно и при увозот на сите репроматеријали има огромни давачки пред се царински такси и давачки по основ на додадена вредност и на тој начин се обременува и онака лошата економска состојба на стопанството, односно при недостаток на обртни средства и при недостаток на доволно економски развиен банкарски систем. Ова што се предлага мислам треба и да се прошири бидејќи примерот на Хрватска е евидентен каде не само комплекси на слободни економски зони, меѓутоа и многу други стопански субјекти кои ги исполнуваат со закон утврдените пропозиции добија третман на слободни економски зони и со една строга евиденција обавуваат ефикасно свои дејности. Мислам дека на тој начин ќе допринесеме и ќе дадеме допирнос во подобрувањато на условите за работа на стопанските субјекти.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

**Минуваме на точката 47 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештајот на Комисијата за стопанство ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

**Минуваме на точката 48 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пазарна инспекција, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештајот на Комисијата за стопанство ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

**Минуваме на точката 49 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештајот на Комисијата за стопанство ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

По можност предлагачот да ни го образложи предлогот, бидејќи се работи за многу важна материја. Така што да ги слушнеме видувањата на Владата во однос на овој предлог.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор министерот за економија господинот Бесник Фетаи.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Почитувани пратеници, ќе кажам накратко околу измените и дополнувањата на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, државен капитал. Овие закони одат анблок. Што се должи на овие измени.

Прво, се обединува општествениот капитал и државниот капитал поради тоа што сега се пооделно. Тоа значи дека државниот капитал се продава во Министерството за финансии, додека општествениот капитал се продава во Агенцијата за приватизација. Тоа значи дека прво странката се обраќа во Агенција за приватизација за купување на општествениот капитал, потоа ќе се обраќа државниот капитал да го купи во Министерството за финансии. Така што пакетот понекогаш не може да го зема. Со обединувањето на општествениот и државниот капитал во тој случај се добива пакет и многу полесно се завршува приватизацијата. Тоа значи дека со измените и дополнувањето на Законот за општествен капитал и државен капитал кои анблок одат сите четири закони се забрзува постапката на приватизацијата.

Друг момент што е битен, што се прави со измените и дополнувањето на Законот за приватизација, иако со овој закон Агенцијата за приватизација се трансформира во инвестиционен фонд кој инвестиционен фонд треба постепено да се приватизира на некој странски инвестиционен фонд кој ќе влијае позитивно врз развојот на пазарот на капитал кое е неопходно за Република Македонија во овие моменти.

Трета измена и дополнување што се прави во рамките на овие измени е тоа, отстапување на деловни средства со акции и со општествен капитал. Таква постоечка заксшжа регулатива не постоеше во Република Македонија. Доколку фирмата е приватизирана 70% и во тој случај 30% не е приватизирана има право да му дава имот на самата Агенција за приватизација која ќе управува со тој имот, така што фирмата да стане 100% приватизирана. Мислам дека со овие измени и дополнувања со обединувањето на државниот и општествениот капитал во едиа институција само во Агенција за приватизација, во тој случај да не биде разделено во Министерството за финансии и во Агенцијата за приватизација, во тој случај се забрзува постапката на приватизацијата на општествениот и државниот капитал во државата, а со

отстапувањето на деловните средства исто така и тој е еден клучен фактор кој што ќе влијае позитивно да се заврши приватизацијата во земјата.

Со измените и дополнувањата на овие четири закони што ги потенцирам сега, мислам дека приближно треба кон крајот на 2002 година да се заврши приватизацијата и Агенцијата за приватизација да се трансформира во инвестиционен фонд.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

**Минуваме на точката 50 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештајот на Комисијата за стопанство ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

**Минуваме на точката 51 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во кои што Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал имаат акции односно удели, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештајот на Комисијата за стопанство ви се доставени.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

**Минуваме на точката 52 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештајот на Комисијата за стопанство ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Бидејќи немаме претставник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство точката 98 ќе ја одложиме за подоцна. Има збор господинот Бесник Фетаи.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Јас како претставник на Владата, доколку може, да го претставувам законот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине министре, ќе мора да биде присутен министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(Дофрлување од место дека министерот Марјан Ѓорчев и присутен во зградата и е на седница на Комисијата).

Додека се врати министерот, предлагам да работиме по другите точки.

Колеги пратеници, дали се согласувате да го почекаме уште малку министерот за земјоделство или да дадеме пауза.

Бидејќи Комисијата заседава сеуште, не може да дојде министерот, давам пауза до 13 часот.

(Пауза од 11,55 до 13,15 часот).

Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство сега е присутен.

Преминуваме на 98 точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за Фонд за земјоделство, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворма претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Марјан Горчев.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, актуелните домашни и меѓународни состојби кои ги детерминираат севкупнте активности во сферата на земјоделството на територијата на Република Македонија бараат унапредување на законодавството воопшто, на сите законски норми кои ги одредуваат правните норми односно правно ги третираат прашањата од широката област на земјоделството.

Ова е нов закон кој во основа содржи елементи на финансиската самостојност во делот на финансирашето на земјоделството, како област која неправедно во изминатата деценија беше на маргините на инвестиционата активност и во таа насока овој закон овозможува генерираше на финансиски средства од изворни приходи, кои значат и претставуваат пред се во овој момент изворни приходи на Буџетот на Република Македонија, меѓутоа, не се враќаат во

агрокомплексот, туку се пренаменуваат за други намени.

Инаку, идејата за овој закон за Фонд за земјоделство не е оригинална идеја, не е нова, туку е изведена од законите за Фонд за земјоделство кои како такви се донесени во високо развиените земји, Франција, Германија, земјите кои се асоцијатини членки на Европската Унија како Словенија, Бугарија и Хрватска и овој закон претставува своевидна компилација на тие закони, прилагоден согласно Уставот на Република Македонија и законските норми кои ја третираат областа на земјоделството како дел од реално економскиот сектор.

Инаку, со Фондот е важно дека се овозможува можност, со потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија кон Европската Унија, Република Македонија како асоцијативна членка да учествува во поделбата на средствата од Фондот за кредити и гаранции при Европската Унија, кој што претставува како квантификација околу 40% од севкупниот Буџет на Европската Унија, или изразено во бројки Фонд кој има околу 40 милијарди евра. Со донесувањето на оваа законска норма имаме право како земја која што е потписник на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, утре и да претендираме на дел од тие средства, затоа што имаме и правен основ.

Она што исто така е многу важно за овој закон е дека овозможува при нашето зачленуваше во Светската трговска организација на законски начин, почитувајќи ги оние фундаментални одредби од Уругвајската рунда на преговори со Светската трговска организација која ги одредува "белата" и "зелената" група на мерки во земјоделството Република Македонија да ја примени онаа помош и оние субвенции кои се дозволени во тие групи на мерки, на кои имавме право мегутоа, од 1996 година нашата определба за развој на стратегијата на земјоделството без субвенции на соодветен начин реперкуираше и со намалувањето на земјоделството во бруто општествениот производ. Во секој случај, одредбите на овој закон овозможуваат по наше мислење прогрес во примена та на совеременитe техничко-технолошки постапки и продолжени индусрии во агрокомплексот, претпоставува примена на современи агротехнички мерки и методи, едукација на земјоделците и на поинаков начин финансирање со сопствена акумулација која досега уште еднаш ке повторам неоправдано се одлеваше во други ресори.

На крајот би сакал да укажам дека законот е едноставен во својата содржина и форма и нашиот предлог е да оди, а таков е предлогот и на Комисијата, во скратена процедура.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, пред нас имаме Предлог за донесување на закон кој во основа сметам дека би требало да се поддржи, бидејќи со својата суштина и средствата кои ќе влегуваат во овој фонд може да отвори една политика на водеше на грижа на државата Република Македонија за земјоделците во сите нејзини фази. Ова решение значи враќање на една политика која се водеше во Република Македонија до 1996-1997 година, земјоделството да се помата со сите средства во однос на заштита од други производи и прифаќање на средства за давање премии, субвенции, извозни стимулации и слични мерки. Таа политика Република Македонија под притисок на ММФ и аранжманите со него во последните три-четири години ја напушти, иако како што истакна и министерот, во Европа, особено во Европската Унија најголем дел од Буџетот, 30% се даваат на овие средства и затоа имаат развиено земјоделство.

Сметам дека средствата кои ќе го помогнат овој Фонд во основа се доволни, се работи за еден огромен износ, па ако правилно се распоредува ќе ја остварат својата цел.

На самиот почеток би сакал да напоменам дека замислата која ја предлага Владата, особено Министерството за земјоделство за еден ваков фонд кој претендира и има услови да биде централна институција во развојот на земјоделството, на самиот старт е миниран. Зошто велам дека е миниран и не може да ја остварува својата функција?

Со овој закон во кој се определени изворите на овој Фонд, кои ќе повторам нема да бидат мали доколку се реализираат според предвидената динамика и предвидените приходи од прелевманите, прометот, концесиите за земјоделско земјиште и да се распределуваат на сите земјоделци или гранки кои согласно макроекономската политика и политиката на Република Македонија во земјоделството, која ја утврдува овој Парламент, ќе биде спроведена за развој за она што има предност и што го бара европскиот и нашито пазар. Зошто велам дека е минирана?

Со формирањето на овој Фонд, законодавецот не ги укинува другите фондови, и понатаму во Република Македонија функционира Фонд за вино, Фонд за тутун, Фонд за води, што значи ќе функционираат паралелно фондови и земјоделците и гранките стопански од земјоделството ги доведуваме во нерамноправна положба. Тие средства кои беа со специјалните закони требаше да бидат опфатени, одредните од овие закони требаше да бидат укинати и во Фондот да одат и средствата кои се добиваат од извозот. Ги правиме нерамномерни и во Република Македонија не може да функционираат два паралелни системи, на пример, лозарите да

бараат и од Фондот за вино, да се бара и од Фондот за тутун, а истовремено и да се бара општ Фонд за земјоделство. Тоа е најголемиот недостаток на овој закон, што мислам дека нема да ја оствари во целина својата функција.

Исто така, има одредени забелешки на законот, а јас како пратеник иако не сум член на Комисијата за земјоделство присуствував и имавме одредени конструктивни размени на мислења, па рековме доколку не се прифатат одредени забелешки, ќе излеземе со амандмани. Одредени амандмани Комисијата предложи, па сигурно ќе ни бидат поделени за да ги видиме.

Исто така, Фондот не следи една тенденција во Република Македонија за децентрализација на функциите во земјоделството или воопшто. Се сеќаваме кога беше донесен Законот за развој на земјоделството, Агенцијата за развој беше стационирана во Битола. Затоа сметам да се размисли и овој Фонд, бидејќи Агенцијата за развој на земјоделството е во Битола, би требало да биде децентрализиран од териријален аспект од Скопје и да биде или во Струмица како центар за развој или во Битола.

Исто така,, земјоделството како една од најважните стопански гранки како што сфаќаме и како што истакна и министерот, се одземаат одредени надлежности на програмата која ќе ја донесува овој фонд. Сметам дека програмата во една демократска расправа треба да биде предлагана од Владата за распределба на средствата и можностите за конкурирање, а да биде донесувана од страна на Собранието на Република Македонија, а не како што е во решението, да биде предлагана од Министерството, но да ја донесува Владата.

Исто така Фондот со својата суштина сметам дека отстапува од една утврдена политика и стратегија на Владата на Република Македонија, а тоа е за растоварување или реформи во јавната администрација. Овој фонд во кој ќе се собира голем износ на средства навлегува во една друга област, формира свои подрачни единици. Господа пратеници, во Република Македонија имаме подрачни единици на министерствата, со Законот за локална самоуправа имаме дисперзија на надлежностите од земјоделството, постои Фонд за води во кој има стручна служба и се плашам големиот дел на средства наместо да оди кај земјоделците, да не одат кај службениците.

Исто така, една принципиелан забелешка во општиот претрес. Наспроти тенденцијата, бидејќи средствата се зафаќаат од одредени заштитни мерки кои се однесуваат на земјоделството, голем дел во органите кои ќе ги распределуваат тие средства се претставници од државната администрација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а помал број од нив се овие таканаречени заинтересирани субјекти, групации и гранки. Додека имаме претставници од нив, не е регулирано кој ќе ги предлага, кого ќе изберат претставниците во Управниот одбор, кој е многу важно тело што ќе одлучува.

Сметам дека со овие забелешки, доколку ги задоволат амандманите, Фондот кој е многу важен и битен за развој на земјоделството, што овозможува во основа? Овозможува сегашната состојба за развој на земјоделството, кога донесуваме посебни кредитни линии и помош од Европската Унија, што оди преку комерцијалните банки, земјоделецот да обезбедува разни непотребни функции на хипотеки, елаборати, овој фонд ќе ја има функцијата да му помага на земјоделството, ќе има средства и би требало да ја оствари основната цел, да дава средства со бенифидирани камати за развој на земјоделството и доколку се обединат сите фондови ќе ја оствари својата функција.

Сметам дека во оваа прва фаза би требало да се поддржи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави господинот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, министри, мислам дека кога е во прашање земјоделството и аграрот како целина, гледајќи какви ни се состојбите во Македонија и гледајќи ги тие необработени земјишта и недоволниот стимуланс тие да бидат обработени и да бидат во функција како на вработувањето на одреден број на лица, така и во функција на развојот на Република Македонија како една компонента која што не може да биде, не може а да не се земе предвид, кога се знае дека ресурсите на Република Македонија не се толку големи за да може земјоделството како една многу важна гранка да се запостави и сите капацитети што тоа ги има да не можат адекватно да се користат. Од тој аспект и поради овие причини нема човек кој не би се радувал или не би поддржал секаков добар чекор кон создавањето подобри услови за развој на земјоделството, за да тие полиња не бидат празни, тие невработени луѓе кои имаат можност да го гледаат својот ангажман и во оваа димензија.

Гледајќи го овој закон како пристап и начин да се помогне земјоделството и ефективно да се излезе од оваа летаргија и од овој песимистички приод на одредени млади луѓе посебно кон оваа гранка, мислам дека со еден вистински и ефикасен чекор, една организирана политика на Владата може да се користат, да се користи целиот тој простор и сите тие можности кои досега не беа искористени. Со создаваше средства и на тој таканаречен Фонд кој и порано го имаше, каде што ќе се прелеваат средства во функција на овој развој, мислам дека би можело да се помогне земјоделството, односно аграрот да биде една од поважните гранки во Република Македонија и неговиот капацитет да биде оптимално односно максимално користен. Една

земја која има намера и стремеж да се приклучи кон одредени меѓународни институции, каде што вреднувањето и критериумите за такво членство се базираат врз елементи на развојот и на вработувањето, каде што за нас и аграрот не може да има мала улога. Знаеме дека ние не сме членови на ОЕЦД, но сега преку Советот на Европа и другите институции се прават напори или кои во својата програма се вклучат во разни програми за развој и на областа на земјоделството, треба самите да покажат афинитет за таа работа, стручност и организираност, со цел критериумите за едно такво вклучување во такви структури кои за Македонија би можеле да бидат многу поволни, можат да ни користат и да бидат навистина во функција и на развојот на аграрот и подигнувањето на критериумите и квалитетот за афинитетите за приближување кон тие структури. Имено, како што се истакна и тука, потребата од тоа е дотолку поголема поради фактот што сите европски земји имаат фондови кои до 50% имаат концесии за аграрот и поради тоа имаат и големи проблеми и со другите асоцијации кои се надвор од Европската Унија, а големи се проблемите и на земјите кои сакаат да бидат членки на Европската Унија, но само поради политиката кон аграрот, всушност неадекватната политика и високите концесии поради ненавременото ре-шавање на овие проблеми не можат да бидат членови на Европската Унија во тие периоди кога тие планирале. Таков еклатантен пример е Полска, која не успеа во одреден период да направи одредени чекори, па да се подготви за оваа фаза и сега сите овие негативни ефекти со високите концесии над 50-60% ги има земјоделството се голема пречка за да биде таа членка односно една од главните пречки за да биде членка на Европската Унија.

Мислам дека Македонија мора сериозно да се зафати од овој аспект и не само што треба да се донесе законот, туку го делам мислењето од претходниот дискутант дека треба да се унифицираат и фондовите и ресурсите за помош на земјоделството, за да ги направиме овие чекори сега и да не дојдеме во состојба-после, кога ќе ни биде многу важно или кога нема да можеме да постигнеме одредена цел, тогаш набрзина да направиме некој чекор кој мислам дека ќе биде нецелесообразен.

Од тој аспект, поради овие причини јас ќе го поддржам овој предлог, со желба истиот да се реализира и ефектуира на начин на кој и смите земјоделци би требале да го очекуваат.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Навистина сакам да се вклучам во расправата во врска со овој закон, иако гледам дека кај пратениците нема многу расположение да се зборува за еден многу битен закон и за една многу битна стопанска гранка во Република Македонија.

Имајќи предвид дека сите компаративни анализи во РМ, укажуваат дека перспективите и иднината на развојот на РМ, треба да се гледа токму во земјоделството, а денес на дневен ред е поставено едно такво прашање кое сака да даде поттик на развојот на оваа земјоделска гранка, кај пратениците гледам како да нема интерес.

Иако министерот сакаше овде да укаже дека со овој закон се прават напори оваа стопанска гранка да ја уреди така што да биде приближно или по теркот на ЕУ, јас мислам дека министерот требаше или мораше во оваа прилика да даде поголемо образложение.

Низ квантифицираните податоци да укаже кои се очекувањата и колку средства би требало да се соберат во овој фонд. Кои се очекувањата со создавањето на овој фонд на нашето земјоделие. Мислам дека едно такво образложение недостасува, а требаше да го даде министерот квантитативно со бројки и кои се претпоставените очекувања на РМ, и воопшто земјоделието на Република Македонија.

Инаку, факт е дека во ЕУ многу се води сметка за земјоделието, па дури целата Унија некои ја нарекуваат здружение, затоа што е создадена токму заради земјоделските проблеми, околу земјоделието и аграрот во Европските земји. Факт е дека РМ подолго време нема јасна развојна стратегија како оваа стопанска гранка ќе ја постави на потребното ниво и како моторна сила за развој за излез од економската криза со која се соочува денеска Република Македонија.

За разлика од ЕУ која што има јасна стратегија како да се справува со овие проблеми во Република Македонија осеќам дека сеуште нема таква стратегија и визија за земјоделието.

Овој закон ги прави првите напори дефинитивно нешто да се прави во оваа област, иако ќе мора да кажам дека можеби требаше не да се оди со скратена постапка туку требаше да се отвори јавна дебата во која ќе треба да се вклучат стручњаци, професори од науката кои ќе укажуваат како ние дефинитивно ќе изградиме стратегија за развој на оваа стопанска гранка.

Иако фондот е можеби првото нешто што ќе даде поттик за развој, сеуште има недоречености, иако со законот се бара Фондот и работата на Фондот да биде транспарентен, да ги има сите органи, како што е управниот одбор во кој дури има членови кој нема да бидат избрани директно од Владата, туку ќе бидат земјоделци, било да се трговци земјоделци, земјоделски задруги и приватни индивидуални земјоделци, но останува нејасно како и кој ќе ги избира, по кои критериуми ќе бидат избрани членовите во управниот одбор директно од земјоделците кои што се најзасегнати и најзаинтересирани како ќе функционира.

Иако стои во законот дека управниот одбор е тој кој што ќе врши надзор односно распределба на средствата што ќе бидат собрани, со оглед на тежината и моментот односно со оглед на тежината на оваа стопанска гранка, јас мислам дека ќе мора овде да се најде друго решение кое ќе значи потранспарентно прикажување на средствата колку се собрани, како се потрошени и кој се ефектите кои времено, или на 6 месеци, или годиш-но ќе биде даден овде некој извештај и да се види дали навистна има некои ефекти и кои би требало да бидат следните чекори. Така да еден закон кој што би требало, односно требаше да биде во една поширока јавна расправа затоа што за мене е многу битен закон и во кој што ќе беа вклучени и стручњаци од разни области, а посебно од земјоделието кои што имаат сознанија околу тоа како се уредуваат политики во другите земји во кои што успешно функционираат, мислам дека требаше да бидат вклучени и да се даде поголем публицитет на овој закон, затоа што сите компаративни анализи укажуваат дека перспективата, иднината и развојната компонента на РМ, мора да потекнува токму од земјоделието.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Ризван Сулејмани.

За збор се јави министерот за земјоделие г. Марјан Горчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Почитувани пратеници, јас би сакал да укажам дека некаде околу годинаипол, или почнувајќи од месец март 2000 година се почна со изработката на овој корпус закони, кој што по извесно време пред Парламентот на РМ, ќе се најде и законот за земјоделско земјиште, кој што претставува исто така своевидна интегрална целина со овие два закона и претставува нов земјоделски кодекс во РМ. Тука беа вклучени претставници и од науката и од Стопанската комора, од групациите кои што ги сочинуваат одредени тела од агрокошплексот и од индивидуалните земјоделци, претставени и преку нивните асоцијации, Сојузот на земјоделците, претставниците од Агенцијата за развој на РМ, и се разбира, претставниците од администрацијата во РМ. Така што овој закон претставува интегрален труд на науката, стопанството, асоцијациите на земјоделците и она што претставува административниот сектор.

Должен сум да појаснам околу финансиските аспекти и очекуваните финансиски средства кои што можат да се приберат во овој фонд.

40% од буџетот на ЕУ, или некаде околу 40 милијарди евра се собираат во фондот за кредити и гаранции во кој што по два основа како меки кредитни линии по еден основ и вториот основ како неповратна помош, каде што се помага земјоделскиот производител по разни мерки во ЕУ, се овозможува голема поддршка за развој на земјоделскиот сектор.

Во РМ со донесувањето на среднорочната стратегија за развој на земјоделието изготвена во МАНУ до 2005 година, чии што основни директиви и насоки се совпаѓаат со долгорочната стратегија за развој на економијата на РМ се овозможува годишните аграрни политики да го содржат елементот на директна поддршка на земјоделскиот производител во РМ, чија што содржина овде е правно нормирана со Законот за земјоделство.

Се очекува во текот на една година да се прибираат, според основите што се наведени во член 19 некаде околу една милијарда денари што претставува солиден финансиски потенцијал од сопствена акумулација, затоа што тој исто така по принципите и стандардите и на ЕУ, каде што сме асоцијативна членка со потпишувањето на Договорот за асоцијација и стабилизација, се надевам ќе станеме членка на Светската трговска организација почитувајќи ги сите одредби кои што таа ги пропишува за поддршка на земјоделието, посебните мерки и нивна примена кое што се овозможува со овој фонд ќе овозможи низ генерирање од година во година тој фонд да расте и да претставува навистина голем поттик за поголемо учество на земјоделското и агрокомплексот во целина во бруто општествениот производ на РМ, кој што во овој момент изнесува приближно сса околу 10%, меѓутоа имајќи ги предвид компаративните предности и подобрата законска регулатива и подобрите законски решенија, стратегијата за развој и аграрните политики ќе се овозможи навистина солидна поддршка со дозволените групи на мерки кои што РМ може да ги применува и како членка која што претендира да стане членка на ЕУ и како членка на Светската трговска организација.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Марјан Ѓорчев.

Има збор г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, почитуван г. министер.

Сакам да го поздравам донесувањето на Законот за фонд за земјоделието со неколку напомени и неколку укажувања.

Јас имав намера да настапам пред да го чуеме повторно министерот, но независно од тоа бидејќи сеуште е отворена расправата еве од ова место.

Земјоделието и поврзаните дејности со него заслужуваат рамки во кои се секој кој сака да биде активен ќе може да смета на услови под кои ќе влезе во дејноста и

под кои ќе може да продолжи со работата. Ние засега кај земјоделиците имаме најмалку извесност кои се условите на стопанисување. Ова е начинот и мислам дека е од правилните што е избран не само од страна на министерството и на министерот и Владата го поддржува во РМ, за земјоделието да се создадат стандардни услови на стопанисување. Кредитирањето, нешто што беше мисловна именка и откупот на реколтите кај нас ќе станат постојана пракса и тоа е добро тука да се каже.

Мене што ми недостига досега се проекции. Колку ние мислиме мислиме дека дејноста од земјоделието ќе учествува во домашниот бруто општествен производ, колку мислиме дека ќе биде апсорбирана работна снага, а исто така како ќе биде уделот на ова производство во структурата на нашиот севкупен извоз.

Вас ви е познато дека минатата деценија, овие десетина години во земјоделието се профилираа извесни дејности, посебно производството на вино кое го потисна и тутунот на второ место, според извозните показатели. Исто така ние имаме голем потенцијал да извезуваме раноградинарски производи, но ни недостигаат извесни паковки, односно динамизирањето на тоа производство. Во таа насока потребно е да се поведе сметка. Слични нешта ќе важат и за овошјата. Разните видови овошја кои се ценети и барани на европските пазари ние би можеле во многу поголем обем, барем со фактор 10 да ги извезуваме, но за тоа е потребно да се поведе грижа и од политиката на тие стопанственици, не само трговци, тие кои се вклучени во целиот тој ланец. На оваа дејност да и се помогне, а на тој начин тие би вратиле и во државната каса, а и повеќе работни места ќе бидат обезбедени.

Да не зборуваме за доменот на говедарството, другите видови животни. Ние за 10-тина години имаме ситуација на хипер продукција на млеко, а убаво паметиме дека некаде 1988 година се чекаше ред да се купи млеко. Денеска не само што имаме домашна хиперпродукција преку либерализацијата со увозот на млеко и секакви други производи нашиот пазар е преполн. Тука ќе биде упатно да се размисли до каде ќе се дозволува слободен увоз, од каде не. Тоа не е материја исклучиво поврзана со Законот за фондот, но тоа се нешта кои влијаат врз користењето на средствата на тој фонд токму од страна на производителите или на луѓето кои имаат амбиција да се занимаваат со земјоделска дејност. Таквите нешта убаво е да се кажат тука отворено, можеби и без конечен одговор, но во секој случај насоката ќе биде препознатлива и било кој наш граѓанин ќе знае каде чекори. Дополнително осветлување е потребно да се даде и за улогата или ситуираноста на нашите производители и на нашите извозници по сила на спогодбата што ја имаме со ЕУ. Исто и на практиките кои се воспоставуваат. Сето тоа влијае за една добра клима и за активни, на крајот и задоволни земјоделци.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Јордан Бошков. За збор се јави г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе,

Јас би сакал да поставам едно прашање на предлагачот на Законот. Инаку, јас сум традиционално сомничав кон ваков вид на закони затоа што сум уверен дека во основа одат во погрешна насока идеите, меѓутоа за тоа г. Гештаковски зборуваше, тоа зема еден замав во овој Парламент да се формираат фондови, да се зафаќаат средства да се распределуваат за се и сешто, за што мислам дека само се зголемува политичката моќ на државата, а се намалува економската ефикасност и моќ на оние за кои е наменето ова. Меѓутоа и тие тоа ќе го сфатат еден ден, но касно.

Ако ја видите структурата на законот тогаш ќе видите дека од 28 члена еден се бави од членовите на законот за тоа за што ќе се употребуваат средствата на фондот со воопштени формулации кои даваат огромна слобода на извршната власт да ги дели парите по критериуми по кои они сакаат, затоа што се натаму после овој закон именува Владата (директор на Фондото, Управен одбор на фондот, надзор на фондот, годишна програма на фондот), се почнува и завршува во Министерството за земјоделие, евентуално Владжа и тоа им дава огромни можности со тие правилници и одлуки работите кои ги врши фондот од типот на точка 1, претпоставувам дека е по приоритет ставена - финансиска помош на вршители на земјоделска дејност.

Точка 2 - се грижи за развој на земјоделски стопанства.

Точка 3 - обезбедува услови за зголемување на приходи на земјоделска дејност. Тоа е таков дијафазон на помош кој овозможува субјективизам до крај. Не зборувам за оваа Влада, воопшто за било кој ќе ги врши овие работи. Меѓутоа тоа е мој однос и веројатно мој проблем во врска со овој закон, а она што сакам г. министер да го прашам е во точка 19 од глава IV - средства за работа. Во член 19 алинејата 5 гласи: "такса на промет на земјоделско прехранбени производи реализирани во државава во висина од 0,1%". Би сакал да прашам кои се овие средства. Дали јас незнам дека постои такса, таква такса во РМ, или всушност повторно се работи за нов данок во вид на такса за кој ќе треба да се одвојуваат средства и како мислат да се реализираат без донесување на закон за воведување на ваква такса. Однапред се извинувам ако незнам, или не сум свесен во овој момент дека постои таква такса.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Никола Поповски.

Веројатно министерот ќе одговори.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Би сакал уште еднаш да потенцирам дека овој закон, неговите одредби претставуваат своевидно пресликување на тие исти такви одредби од такви закони на Фондот за земјоделство кои постојат во најразвиените земји од ЕУ, вклучувајќи ги и САД кои имаат еден поекстензивен начин на помагање на земјоделството. Меѓутоа и во појака форма дури од ЕУ по пат на висока царинска заштита и принцип на пропишување на стандардите. Значи основаноста на фондот не лежи во тоа да се зајакне функционирањето на извршната власт и префрлање на политичка моќ во Фондот, туку спротивно од тоа, да се излачи финансирањето на програмски мерки од страна на Буџетот и Фондот да претставува едно тело кој на принцип на пазарни економски законитости, поврзан со банкарските институции, ќе овозможува кредитирање на индивидуалните земјоделски производители, онаа форма што во изми-натата деценија најмногу ни недостигаше во РМ, од една страна и второ да овозможи неповратна помош, очекувајќи ги тешките сушни периоди, како што се предвидува во следните три години, надминувајќи ги тешките последици од кризата од 1999 и 2001 година, безбедносна ивоена криза. На таков начин ќе се овозможи надминување на овие проблеми и опаѓање на учеството на земјоделието во бруто општествениот производ и спротивно од тоа поголемо учество во бруто општествениот производ. Значи примерот, во најголем дел е следен од Словенија како земја од една поранешна федерација во која сме биле и ние како Република Македонија и би рекол идентична и по географска големина и по број на население а со големи успеси во развојот на агро комплексот и воопшто во извозот на земјоделски производи во Европа.

Само за илустрација, во Република Словенија Фондот за кредитирање на земјоделството е фонд некаде од 200 милиони евра. Словенија е една од земјите која претставува пример за успешно уредено земјоделие. Во тој дел и во делот на прибирањето на средствата, во член 19 алинеја 5, таксата на промет на земјоделско прехранбени производи, реализирани во државата, во висина од 0,1%, претставува еден вид административна такса. Точно е тоа, кој ќе ги товара учесниците, правните субјекти кои учествуваат во правниот промет, но ќе ги товари на начин, оние кои тргуваат со земјоделско прехранбени производи и кои од тоа имаат соодветна добивка во работењето, дел од таа добивка да вратат во примарното земјоделие, бидејќи основната функција на фондот ќе биде развој, овозможување, на развој на рурарните средини каде најчесто земјоделието и се развива. Така што имајќи ги предвид негативните ефекти од ваквата мерка, сепак оценката на предлагачот е дека на извесен начин, и искуството, пак ќе кажам, особено во делот на репроценското врзување со САД каде такви мерки на враќање на дел од добивката во примарното производство. Наша оценка беше дека тоа ќе има сепак прогресивно, а не деструктивно влијание врз учесниците во правниот промет.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот Горчев.

Има збор пратеникот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

На сите сакам да ви се извинам јас не сум стручњак по земјоделие и најмалку имам право да зборувам, но дозволете ми да го кажам своето мислење, бидејќи тоа право го имам и од мене го очекуваат граѓаните.

Ако се сакаше да се донесе закон во земјоделието и ако се сакаше нешто да се постигне, овој закон, партијата која е на власта требаше да го донесе многу порано, уште кога дојде на власт. Тоа го кажувам бидејќи произлегувам од партијата која е на власт. Ние се залагавме и многу им ветувавме на граѓаните дека ќе донесеме закон кој ќе биде во нивни интерес. Целта е да се зголеми производството и да имаат сигурен пласман.

Доколку се сака нешто да се реши, бидејќи произлегува од праксата, а нема пракса ако не биде поврзана со наука, поточно со теоријата. Доколку биде поврзана науката и праксата и искуството кое Македонија го поседува, а ако за нешто Македонија има искуство, најмногу има, точно во земјоделието. Ова искуство ние треба да го негувата и да му помогнеме на селанецот.

Понатаму, потребна е добра работа а нашиот граѓанин е познат: по својата работа. Единствен проблем е само пласманот. Токму затоа јас сакам да се задржам околу пласманот што оваа држава до сега ништо не направи на граѓаните да им обезбеди пласман.

Си земам за право да направам и една споредба која ќе биде во тесна корелација, токму со нашето искуство, поточно трандиција што Македонија ја има во земјоделието. Значи традицијата и искуството.

Еве сега ќе ви кажам една работа, без разлика како ќе го сватите дали виц или приказна, но споредбата е соодветна.

Кога македонците увезуваа трева од Холандија да ги озеленат нашите стадиони, тревата не беше успешна. После повеќе пати на садење на тревата нашите стадиони никогаш не озеленија. Откако нашите стручњаци се консултирале повторно со купците од Англија ги прашале зошто немаме квалитетна трева како вие што имате, одговорот беше - дали се придржувавте на правилото кое ви беше достапно, на одредени законитости, набројувајќи ги.

Одговорот беше се придржувавме. Следеше прашањето колку години го практикувавте тоа - го практикуваме десетина години. Ни рекоа кога ќе имате искуство како нас од сто години, тогаш и вие ќе успеете да ја одржувате и да имате квалитетна трева. Значи, искуството е многу битен сегмент. Значи ова искуство ние го имаме. Недостига нешто друго. А тоа што недостига е следното:

Господо ние имаме илјада годишно искуство напамет зборувам, нека не биде тоа земено здраво за готово, за вино. Имаме за тутун, исто така многугодишно искуство. Имаме за сточарство многугодишно искуство каде производството пред стотина години беше многу поголемо отколку што сега го имаме. Имаме искуство за одгледување на волна и разни млечни производи, кога веќе зборувам за сточарството. За жал, ние произведуваме а немаме пласман.

Често пати имаме можност да прочитаме дека кај градинарските производи, производителите неможат да ги покријат ни основните трошоци, а знаеме како се произведуваат и како тешко се работи во тие пластеници каде температурата летниот период е многу висока, во зимскиот многу ладнг и се загреваат на разни начини. Многу труд е вложено, а одвај да се покријат. Токму затоа сметам дека државата треба да преземе нешто, а што треба да преземе јас ќе ви кажам едно искуство. Ова искуство не е мое, бидејќи имам роднини недалеку од Битола во селото Буф кое сега припаѓа во Грција, како се користи нивното искуство.

Земјоделските производители во Грција се ослободени од давачки, почнувајќи од вода и струја, оние села кои се планински.

Што направила нашата држава да ги ослободи тие сиромашни села за да останат селаните на село и да го развијат сточарството. Тоа е еден параметар кој сакам да го напомнам.

Второ, што направила државата да им помогне со кредити да дојдат до стока, како би можеле таа стока да ја одгледуваат, каде штс има услови, да се направи еден проект, проект изготвен од стручњаци, не ндивидуално, проект од доктори на науки кои добро ја познаваат, и околината и квалитетот на прозводството, она што треба да се произведува. И врз основа на тој проект да се обезбеди пласман. Ако нешто е болно во нашето земјоделие тоа е пласманот. И ако нешто сакам да нагласам, сакам да нагласам е дека државата треба да гарантира пласман како што тоа се гарантира во соседна Грција. Се она што ќе се произведе државата е должна да го откупи. Тоа ви го кажувам за моето соседно село, соседно затоа што веќе не живеам таму и ако таму сум роден. Тоа е селото Буф. Тие произведуваат ореви, костени и сточарство. Државата им го откупува, однапред ја кажува цената без разлика на производството. Значи целото производство се откупува. Кажете ми еден такво пример во Македонија.

Ако тоа го ветите, само така би гласал за закон. За друг закон, што сакате на хартија ставете и како сакате да го образлагате, јас не верувам во таков закон. затоа не гласам за таков закон. Сакам закон кој навистина ќе даде надеж за подобро утре на селото.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Вангел Симев.

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Тоа во што се сомневав министерот го потврди. Со член 19 од овој закон се воведува нов данок во РМ, кој овде е наречен такса. Со овој закон воведуваме нов данок во РМ.

Мене ми е јасно дека оваа влада вака работи и од тоа спас нема, за жал. Оваа влада е влезена во систем на предлагање на неуставни закони. Парламентот обично нив ги транспортира низ својата собраниска седница и после се наоѓа некој кој ги ретранспортира до Уставниот суд кој ги укинува и после Владата носи нова одлука и добива повторно неколку месеци и така ќе го дочека крајот на мандатот.

Јас би сакал да укажам на фактот дека со овој закон не е можно да се воведе јавна давачка во Македонија, на начин на кое е тоа воведено, затоа што овде се кажува дека ќе се воведе данок или такса, јас не сум убеден дека ова е такса, мислам дека е сокриен збор, на прометно земјоделско-прехранбени производи, реализирани во државата во висина од 0,1%. Тоа е сосема неуставна категорија од следниве причини.

Со овој закон неможе да се воведе јавна давачка. Ако со овој закон се воведе јавна давачка, тогаш треба да се дефинира кои се обврзници на јавната давачка, која е основицата за плаќање на јавната давачка, кој е начинот на пресметка на јавната давачка, а овде е регулирана само стапката во висина од 0,1%, и тоа што го кажува не упатува на кој промет. Така што, предлагам Министерството за земјоделие, особено Министерството за финансии што имам впечаток дека од време на време ги преспива седниците на Владата кога се нудат вакви закони, малку посериозно да ги погледне законите затоа што во неколку наврати Владата ни сервира формирање на фондови со 0,1 на недефинирани основици, парите ги собира често против уставно ги редистрибуира на начин кој не е добар, го злупотребува законот,пред две години на пример Владата достави еден закон за да го поттикне извозот, почна да собира на сличен начин пари од даночни обврзници во висина од 0,1 или 0,5 кога беше госпоѓата Данева која сега е министер за трговија, и свесни сме дека средствата од тоа ниту завршија во Парламентот каде одат, најчесто се снимаат реклами. Јас упатувам молба до Владата да законот кој сега го има доставено во една фаза да го разгледа уште еднаш во две

фази и за новиот данок кој го воведува да определи во Законот кој се обврзници, кој правни лица или физички лица се обврзници на тој данок, која е основицата, кој е начинот на пресметка и сите други потребни членови на закон, кој неможе да се супституираат со други членови на органи, освен Собранието на Република Македонија која по законот единствен кој може да даде јавна давачка, да ги прецизира и повторно да ги достави во Собранието на расправа. Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на колегата Никола Поповски.

Министерот Горчев.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници,

Јас уште еднаш би сакал да укажам дека во овој закон за Фонд за кредитирање на земјоделството апсолутно нема никаква политика значи не се работи за политика и воопшто ние како Министество за земјоделство, шумарство и водостопанство немаме намера тука да укажуваме дека со овој закон уште еднаш ќе повторам се прави некоја, се донесуваат некои креативни решенија и се нуди нешто ново, туку едноставно се пресликува тоа што е важечко, тоа што е успешно, тоа што овозможува повисок стандард и на земјоделците, поевтина храна на жителите и граѓаните на високо развиените земји. Ова што тука се, она што претставува содржина во алинеите на прибраните приходи, тоа се во најголем дел компилирани методи на прибирање на средства под различни фондови од евросчките земји. Не е проблем ние во интерес на тоа што претставува добрата волја, на тоа што претставува разбирање за проблемот, да дискутираме на начин како што тоа го избира пратеникот Поповски, и ние како Министерство за земјодел-ство, шумарство и водостопанство сме спремни и на таков начин да дискутираме и изразиме добра волја на конструктивен предлог, како амаднман овој вид надоместок кој што е нужен, кој што е потребен, кој што значи враќање на финансиски средства таму од каде што е извориштето, од земјата од природниот потенцизал кој што дава вредноста на производот и во паричен облик се враќа назад ние можеме тоа да го избришиме. Но на таков начин ние нема да овозможиме репроцениско поврзување, нема да ја овозможиме онаа компонента толку потреба а која што морам да кажам во изминмата деценија немаше во Република Македонија, немаше кредитирање во агрокомплексот, независно каков вид на влада експертска, политичка во агрокомплексот немаше кредитирање. Се на се една кредитина линија ифат еден кој што сеуште е во функција под неповолни услови и тоа е се што во Република Македонија се понуди на земјоделецот. Не е проблемот уште еднаш ќе кажам почитувајќи да речеме одредени искажувања на пратеникот Никола Поповски оваа алинеја да биде избришана. Проблем е во тоа што повторно ќе дојдеме во една слепа улица каде што земјоделието ќе биде на маргините оти ова е најкрупниот приход во она квантификација за она што говорев и овозможува во најголема мерка оние мерки кои што ги дозволуваат уште еднаш ќе повторам и Светска трговска организација и Европската Унија наградување на принос по единица хектар, наградување по принос по единица грло, стимулација која што се однесува на давање на помошти во вид на неповратни помошти, на најсиромашните слоеви, програ-мите за надминување на сиромаштија кои што се тренд и во ФАО кој што се тренд и во Светската трговска организација, кои што се тренд и во Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка да ги имплементираме во форма која што ќе значи следење на патот на високо развиените успешни и богати земји. Ние сме спремни како министерство доколку уследи амандман во врека со оваа пета алинеја во член 19 да го прифатиме. Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот Горчев.

Дали друг некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по 98-та точка.

Продолжуваме со 99-та точка - Предлог за донесување на закон за вршење на земјоделска дејност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Министерот за земјоделие г-динот Марјан Ѓорчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Благодарам г-дине потпретседателе.

Почитувани пратеници, ова по својата функција требаше да биде закон кој што требаше да биде закон, кој што требаше да биде разгледуван пред Законот за фонодот за земјоделство, затоа што имплицитно Фондот за кредитирање на земјоделство изведен од овој Закон, како што е овој закон изведен од Законот за земјоделско земјиште, затоа што за да има да се обавува некаква човечка дејност, треба претходно да има објект на кој што таа денеска се обавува, тоа е земјоделското земјиште кога е во прашање земјоделската дејност, организираниот труд на земјоделецот претставува природен чинител на создавањето на вредноста во земјоделието.

Во областа на регулирањвто на обликот, начинот и формите на вршење на земјоделска дејнсот, досега не упатуваше Законот за трансформација на претпријатијата кои што

стопанисуваа со земјоддлско земјиштв и за другите од 1996 година, кои што на посреден начин не упатуваше и ги уредуваше односите од правен аспект вов ршењето на земјоделска дејност преку Законот за трговски друштва, каде што облиците -трговец - поединец и трговец - друштво, дали како друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво и стариот Закон за земјоделски задруги од поранешниот систем, беа единствените правни рамки во кои што можеше да се одвива земјоделската дејнсот. Еден голем сегмент на индивидуални земјоделски производитвли кои што претставуваат некаде околу 260 илјади граѓани, што претставува некаде околу 13% од популацијата во РМ, од кои над 90 илјади се работно способно активно население, претставува една голема бројка на граѓани во РМ кои што не се опфатени со Законот за трговско друшртво, а обавуваат земјоделска дејност и се индивидуалнио земјоделски производители.

Оттука, императивно се наметна потребата од донесување на ваков закон за вршење на трговска дејнсот кој што се однесува за индивидуалните земјоделски производители и во овој Закон се пропишува кои, под какви услови , во каков облик врши земјоделска дејност, на кое земјоделско земјиште и кои се неговите права и обврски кои што произлегуваат од овој Закон за вршење на земјоделска дејност.

Наша оценка како предлагачи Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство е дека со вооj Закон ќе се овозможи, пред се, оние лица кои во овој момент се во Заводот за вработување, како невработени, оние кои се социјални случаи, оние кои се стечајци, технолошки вишоци, да можат на соодветен начин да си остварат право на работа, достоинствено право на работа, да бидат евидентирани како такви, како индивидуални земјоделски производители регистрирани во регистарот на индивидуални земјоделски производители во Министерството за земјоделство, во неговите подрачни единици. На таков начин ќе се овозможи поголемо учество на живиот труд, поголемо создавање на новосоздадена национална вредност колку што земјоделството во вооj момент учествува. Имаме потенцијали и во делот на неискористено земјиште. Сигурно дека живиот труд ќе овозможи, заедно со продуктивно работење, рентабилно и економично искористување на земјишните потенцијали, учеството на земјоделството од 300 милиони долари во бруто општественито производ на Република Македонија од 180 милиони долари како тренд во изминатите 10 години извозна супстанцж, која што РМ ја извезува, да го зголеми тој процент и во таа насока , луѓето кои што живеат од својот труд на своја земја или земја која што е земена под закуп или концесија, да можат да живеат достоинствено, да ги уживаат правата од пензиско инвалидското здравствено осигурување и на таков начин да се вработат, не само оние кои што денеска живеат само од земјоделство, туку да се овозможи стратегиски на долг рок, значи поколенијата од генерации кои што живеат на тие подрачја да останат да работат на земјата и да се спречи процесот на миграција и напуштање на рурарните подрачја и на таков начин индирекно да се влијае на развој на рурарните подрачја и на намалувањето на сиромаштијата во Република Макеоднија.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот Марјан Ѓорчев.

За збор се јави господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници,

Овој е закон, се согласувам со министерот, кој можеби во расправата требашв да оди прв, бидејки делот на системскиот закон од кој произлегуваат и фондот за кредитирање во земјоделството и со овој Закон се најавуваат целокупната реформа во областа на земјоделството на пакетот, тоа е Законот за земјоделско земјиште и Законот за задруги.

Би сакал да истакнам дека ова е Законот кој не доби една широка транспарентност во јавноста кај граѓаните, кај земјоддлците, но ова е Законот кој земјоделците долго време го очекуваат и ако ја оствари својата функција, ќе ја реши сегашната положба на земјоделците во РМ, нерешена во голем број на законски проекти. Бидејки, со досегашните позитивни прописи земјоделец беше оној кој имаше сопствено земјиште и кој се пријавувашв како обавување на дејнсот и плаќаше, за волја на вистината, одредвн мал дел во однос на давачки, пред се, на таканаречениот данок на земјоделска дејност или врз основ ана катастарскиот приход. А, плаќаше огромен или повисок или реален дел во фондовите за пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување и земјоделците не беа ниту вработени и беа таканаречени ни риба ни жена, како што самите велиме. Тие не ги остваруваа своите права. Тие беа здравствено осигурани, но немаа право на боловање, немаа право на детски додаток, немаа право на породилно отсуство, немаа право од пензиското осигурување на одредени други права, како што му следуваат од Законот пензиско и инвалидско осигурување. Беа издвоени од системот на вработени. Ова е Закон кој треба да го реши тој дел и во РМ воведува категорија на земјоделец од помал обем или индивидуален земјоделец, земјоделец трговец

и земјоделец како акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност. Мислам дека замислата и потребата на Законот е добро замислена, но треба да ја следи и понатамошниот дел на фискалната политика. Сигурно, за овие фондови за кои зборувам, ќе треба да се менува целокупната фискална политика и политика на давачки за остварување на овие права на земјоделците, нема да настане со самото запишување. Во основа го подржувам тој дел. Ќе истакнам и на Комисијата за земјоделство во една конструктивна расправа беше отворен еден проблем, кој е присутен во РМ и кој е присутен во развојот во целокупниот развој на РМ во овие 50 или 60 години.

Република Македонија, за разлика од другиот источен блок, или земјите кои спаѓаа во тој источен блок, дозволуваше приватна сопственост од 10 хектари и тоа се разликуваше од оние куќници. Република Македнија во целокупниот пеирод, во сегашнава и во целокупниот развој, земјоделството беше еден додатен стимулативен и голем приход во семејствата во РМ, за да остваруваат еден подобар живот, за разлика, особено од сегашнава тешка, социјална, кризна состојба, или кога викаме дека Македонија е на работ на сиромаштијата. Што сакам да кажам со ова? Овој Закон формулира земјоделец, индивидуалец или земјоделец од помал обем, единствено ако се занимава со земјоделска дејност. Овој Закон 90% од сите онеи кои се пријавуваат како невработени се пензионери, работат како работници кои остваруваат одреден приход, што мислам дека е доста приличен приход за семејниот приход, нема да имаат третман на индивидуални земјоделци од помал обем. Тука настанува проблемот со фактичката состојба во РМ. Иако, предлагачот или Комисијата за заемјоделство е аправен напор нето да регулира со амандман и вели дека оваа друга категорија во РМ ќе може да произведува за сопствените потреби. Додека, другите производители кои имаат земјоделско земјиште, бидејки ние не сме го регулиралд наследниот однос на земјоделско земјиште, секој може да наследува земјоделско земјиште. Фактички со овој Закон, сите оние производители кои нема да го остварат правото на индивидуален земјоделец со упис од овие категории кои ги велам, дали во подрачните единици или во трговските регистри во судовите, не ќе можат , зависи се договараат некои решенија за Законот за сопственички или стварно правни односи, особено Законот за земјоделско земјиште. И, ако во Законот за земјоделско земјиште продолжи оваа тенденција со одредени решенија кои се наговестуваат, ние ќе имаме една друга, не можам да кажам некој тежок збор, но не може да обавува со некој не регистриран, освен за своите потреби. Македонија, одамна во земјоделството е пазарно ориентирана со земјодеттските производи по региони. На пример, од Преспа, јаболка, од Битола, жито, од Струмица пиперки и патлиџани или слично. Тој период, затоа на предлагачот му се вели да размисли, под одредени услови, под одредено земјиште и друго, и оваа категорија на граѓани да може да остварува право на индивидуален земјоделец, но да ја имаме разликата во однос на фискалната политика. Индивидуалниот земјоделец врз основа на солидарност на државата да биде односно да ги остварува своите права целосни кои што произлегуваат од работен однос, а на оние кои им е дополнителна дејност, да имаат друга фискална полиитка и други давачки. Бидејки, со овој Закон оние кои не ќе се регистрираат со влегување во сила, не ќе можат да излезат на пазарите во РМ, во странство, да ги продаваат своите производи. Дури, незнам како е решено и на трговците како ќе произведуваат, зашто тенденцијата е да не може да се занимаваат или во одреден рок во Законот за земјоделско земјиште да го отуѓат тоа земјиште, што е опасна тенденција. Тоа е едно крупно прашање што треба да го решиме за таа категорија да не виси во воздух, па 80% во Македонија се занимаваат со земјоделство, иако интенцијата е да знаеме чист земјоделец во овој преоден период.

Уште една забелешка што е доста крупна, а тоа е во членот 35. Бидејки, интенцијата на Законот е да имаме што поголем број, како што истакна министерот, сега невработени, кои земаат социјална помош од нерешениот статус се пријавуваат невработени, работници кои одат во фабрика, кои се под стечај и кои не земаат плата 5 месеци, да имаат статус на земјоделец. Во Законот се прави една градација во однос на правата меѓу индивидуален земјоделец или земјоделец од помал обем кои се упишува во регистер во подрачната единица во градовите, каде што имаме подрачни единици и земјоделец трговец. Законодавецот, според мене, пропишува една неприфатлива норма, иако вели дека во делот односно јас мислам во делот на Законот за трговски друштва, законодавецот ја следи логиката на занаетчија. Земјоделецот не е занаетчија. Пропишува за некои да се регистрира како трговец земјоделец, треба да има соодветна стручна спрема односно да има завршено средно земјодалско училиште. Како занаетчијата да има испит за кондурација или за лимар и т.н. Земјоделецот е нешто друго. Сметам дека, иако предлагачот дава и одреден аможност, што не е во функција на остварување на целта, земјоделецот да го регистрираме, целосно да го покриеме законски со права и обврски. Иако, понатаму вели дека доколку нема таква стручна спрема, може да вработи некој со таква стручна спрема. Инаку, основа од меѓу индивидуален земјоделец има разлика и по бројот на вработените. Затоа, сметам дека треба и таа норма да се укине со овие овластувања и да почнеме да ја остваруваме основната цел. Точно, главната дејност да му е земјоделството со сите права и обврски и да знаеме во РМ кои се чисти земјоделци, кои можат да остваруваат права и од пензиско и од другите фондови и права и обврски и кои можат да користат во однос на расчистенито термин. Со такво решавање, да не ги оставиме оние земјоделци кои сега игзистираат од земјоделство, заради

неостварување на права, па затоа сметам да има преодно решене, во кое под одредени услови кога ќе ги пропишува Министерството за земјоделство и Владата и оваа категорија на земјоделци, неземјоделци, да им се даде право да излезе на пазарот и да ги остварува своите производи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Гештаквоски.

За збор се јави професорот Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници,

Јас сакам во кратки црти да изнесам едно свое видување на овој Предлог закон, кој што навистина е долго очекуван во нашава држава од многу причини.

Самиот факт дека овој закон е изготвуван повеќе од една ипол да не речам две години, тоа само за себе многу зборува. Затоа што, ние мораме да признаеме дека, сме земојделска држава. Земја, која што земјоделското производство мора да ни биде примарно. Овој закон, според мене ценам дека е еден од најсистемските закони, затоа што тој и во неговото изготвување побуди еден огромен интерес, еден невиден интерес, не само кај онаа јавност односно кај земјоделците, кај производителите, туку и кај научната и стручната јавност од оваа област. Ќе го надополнам министерот Ѓорчев со то ашто не го кажа дека во неговото изготвување учествуваа и врвни стручњаци од Земјоделскиот факултет, од Земјоделскито институт, врвни правници кои што мораа овој Предлог закон да го усогласат и со нашата нормативна дејност во државата. Сето тоа зборува дека овој закон не случајно толку време се подготвувал и за да дојде во една ваква форма која што е до таа степен искристализирана и која што многу малку ќе претрпи некои одредени измени.

Јас морам да ви кажам дека и на Комисијата за земјоделство и шумарство коај што го разгледуваше овој Предлог закон, наиде на една целосна подршка. Сега, тука, сепак треба да се каже тука имаше одредени дискусии кои што одеа во прилог на подобрување на овој Предлог закон. Меѓутоа, за мене што ми остави најголем впечаток. Земјоделците, нивната организација, нивниот претседател, имаше мноштво присутни членови во таа асоцијација, дадоа една невиден аподршка и дури инсистираа овој закон каков што е предложен со некои незнатни измени, се разбира ако уследат после овие дискусии, што поскоро да се прифати. Затоа што, овој закон е во интерес на тие земјоделски производители. Сето тоа, за мене, остава впечаток дека за овој закон ние како пратеници, како парламентарен дом, не треба да имаме никакви дилеми. Тука, еве ја си на Комисија го истакнав, не проценлив е придонесот односно заслугата и на министерот Марјан Ѓорчев. Тој голем дел од работниот век го помина во оваа земјоделска дејност. Токму затоа, овој закон, таа подршка што ја помина низ сите тие фази почнувајки од научната дејнсот во праксата, во тие тркалезни маси што ги одржа на многу места низ нашава држава, наиде на целосна подршка. Овој закон како таков нуди решенија на сите земјоделски производители кај нас. Сега, одредени елементи за кои што се дискутираше, можеби заслужуваат да се разгледуваат, меѓутоа, сето тоа ако се гледа во целина на овој Предлог закон, сите тие се периферни работи кои што нема да го изменат оној костур како предлог што е предложен овде. Верувајте, ние со овој закон ќе создадеме една дејност која што досега, навистина било штета што не било досега регулирано со закон. Затоа што овој закон го бараа самите земјоделци, самите земјоделски произбводители. Сега, во една ваква ситуација кога самите производители се изјаснија за еден ваков предлог закон, ние како Парламент треба што побргу тој да го донесеме.

Ние, со овој закон создаваме производители кои што ќе бидат вистински производители, кои што ќе дадат максимално производство и кои што ќе дадат допринос за развој на целата наша земја. Сега имаше одредени дилеми и во Комисијата и еве овде во дискусијата на одредени членови, каде што се бара да има минимум средно образование, да има што ја регистрира таа фирма да има одредено образование и тн. Тоа според мене не е пречка, никаква пречка. Еве зошто. Затоа што сепак струката, науката, мора да продре и во овие дејности. Ако тој земјоделски производител не чувствува потреба во неговото производство да ја вклучи и науката, да вклучи зголемено производство, да вклучи поголем квалитет, тој сепак, не може да стане збор за некое производство кое што тој самиот за себе ќе се затвори во едни досегашни рамки, кои што правел тој работи, работи во некоја фирма, зема 300 марки или е стечаен работник, а ваму произведува колку толку да го прехрани неговото семејство. Овде сепак, ќе го натераме тој производител, тој земјоделец, да ја вклучи науката во интерес на самиот себеси, и на семејството, меѓутоа и на државата, затоа што, како струка, како наука, да се даде допринос за максимално производство.

Сега овие три предлог закони што ги разгледувавме, што следуваат, ние како држава мора да цениме и да водиме сметка не само тоа производство да биде максимално, да биде квалитетно, сепак да биде и органско, да биде прифатено производство, кое што еколошки ќе биде здраво. И, во таа смисла, јас овој предлог закон го поздравувам и ценам дека овој закон ќе претставува навистина голем допринос воопшто и за нашата држава, а поготово за сите земјоделски производители. Ви благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Баткоски.

За збор се јави Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван господине министер, колеги пратеници,

Јас сосема накратко само околу овој предлог на закон.

На почетокот, би сакал да нагласам дека, имам едни сосема спротивставени концепции со колегите од СДСМ, во поглед на идниот развој на земјоделието во Република Македонија.

Јас би сакал само да дадам едно мое видување, доколку би ја прифатиле тезата за воведување на дополнителна дејност, со еден конкретен пример, зошто јас не ја прифаќам и зошто би сакал и другите колеги да не ја прифатат оваа теза.

Би сакал да земам еден пример, даречеме за одреден вработен во јавната администрација на било кое работно место. Истиот тој вработен, значи било каде по основ на своето работно место му се плаќаат и придонеси за здравствено осигурување и пензиско-инвалидско осигурување и се она што оди по основ на плата. Истиот тој вработен во јавната администрација, доколку може да се бави, а како што е сега, со дополнителна дејност и да продава на пазар земјоделски производи. Во конечната шема на своите производи, автоматски не ја вклучува цената која што професионалниот земјоделец мора да стави во цената мора да ја стави оваа ставка. Значи, тој мора да си плати придонеси за себе и за своите вработени. Автоматски доаѓаме во една многу јасна ситуација. Доаѓаме во ситуација на класична нелојална конкуренција. Што значи од една страна имаме луѓе кои што се бават со земјоделие, кои што планираат професионално да живеат од земјоделие. И, од друга страна имаме луѓе кои што ќе се бават дополнително со земјоделие, кои што голем дел од давачките што професионалците треба да ги платат од приходот остварен од земјоделие, другата категорија на граѓани ги добиваат по основ на нивното примарно вработување. Од тие причини како концепт сметам дека законот кој што е предложен од Министерството за земјоделие мора да се прифати. Јас сум убеден дека на почетокот ќе има потешкотии во практицирањето на овој закон, меѓутоа гледано стратегиски, значи како иден развој на земјоделието во Република Македонија, ќе дојдеме до она што верувам дека сите овде се залагаме, а тоа е успешно и здраво земјоделие, бидејќи целото ќе биде поставено на здрава основа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на колегата Трајков.

Господин Александар Гештаковски се јави за збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Колегата Горанчо Трајков истакна една спротивставена теза на тезата за развој на СДСМ. Јас зборував тука. Не се работи за тези и неговата теза. Во Република Македонија сите овде 120 пратеници, можеби 100 имаме наследено земјиште или можеби го издаваме под концесии, 50, 60 кои се занимаваат.

Му го поставувам прашањето на министерот за земјоделие, бидејќи се работи концепциски. Што ќе се случува доколку оние кои досега имаат земјоделско земјиште, го обработуваат, или не го обработуваат, со влегување во сила на овој закон, нема да се регистрираат како индивидуални земјоделци или од помал обем трговски друштва, или друштва со ограничена одговорност. Бидејќи се предлага амандман да можат да произведуваат само за свои потреби, не може да произведуваат за пазар. Во мојата претходна дискусија кажав, дали се наговестува некое решение во законот за употреба, користење на земјоделско земјиште, дали во Република Македонија ќе имаме нова национализација врз основа на одредени закони на земјоделското земјиште, бидејќи не може да произведува за пазар. Така и претходниот колега вика, тоа е концепциски. Како се наговестуваат решенијата во законот, што ќе се прави во рок од пет години, во рок од 15 години, оние кои го имаат земјоделското земјиште, а тоа се 99% од граѓаните, треба да го отуѓат во рок од пет години, треба да го подарат или ќе биде одземено од државата. Што ќе се случи со 99% ако влезат овие решенија, со тие граѓани кои имаат земјоделско земјиште кои го обработуваат независно од третманот, нема да имаат третман на индивидуален земјоделец со сите права и обврски. Тоа е клучното прашање што не е концепциско, што е правно и точно произлегува од Законот за работни односи и предлагачот се повикува дека во Република Македонија не може да се регистрира дополнителна дејност. Тоа се однесува за работен однос. Ова е лекс специјалис, ова е закон за земјоделци, кој во основа би можел да се извлече и да не важи под услови. Повторувам, до министерот, што ќе се случи со 99% од Република Македонија кои имаат земјоделско земјиште, а не можат да се регистрираат и не можат да произведуваат, односно да продаваат. Да немаме концепциски разликувања.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Има збор господинот министсер Марјан Ѓорчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Ова прашање беше дискутирано на Комисијата за земјоделство. Јас тука би сакал да истакнам дека интенцијата на законот е да

ги пропише општите услови за вршење на земјоделска дејност генерално и дека нормално интенцијата е да ги охрабри сите кои што сакаат да се регистрираат за вршење на земјоделска дејност. Во таа насока, законот ги решава општите услови, значи овозможува регистрација на индивидуални земјоделци, преку Законот за трговски друштва несметано одвивање на дејноста трговец поединец и трговец друштво, а и во новата форма на задругарство, вршење на земјоделска дејност преку новата форма на здружување во земјоделски задруги. Останува проблемот кога се врши дополнителна дејност ќоја што во Законот за работни односи не е дозволена. Ние сакаме и тука да најдеме решение. Во случај кога некој произведува или лицата кои што се бават со земјоделско производство, а не се вршители на земјоделска дејност во смисла на овој закон, тогаш тие можат да произведуваат производи кои се наменети исклучиво за задоволување на сопстваните потреби и за членовите од нивните семејства. Тоа е во делот за сопственото производство. Останува уште еден сегмент, оние лица кои што се бават со друга професија, дали во јавната администрација, дали во далот на стопанството, или во делот на услугите, а имаат земјиште и стопанисуваат, односно произведуваат земјоделски производи, тие не се вршители на земјоделска дејност, согласно овој закон. Значи, не можат да бидат опфатени и да биде третирано решението во овој закон. Оттука, решението треба да се бара преку Управата за јавни приходи када со подзаконски акт, или пропис ќе се предвиди на каков начин по принципот на плаќање на данок по катастарска евиденција ќе може тие да бидат опорезени на начин кој што ќе значи плаќање на принадлежностите согласно тоа што го имате во катастарска евиденција. Значи, нема да им се одземе, не се работи за никаква национализација, правото на вршење на дејност. Тиа имаат и друга можност, можат да се регистрираат преку други индивидуални земјоделци кои што нивниот производ ќе го пласираат и тоа е многу честа појава во севкупното одвивање на проматот меѓу правните субјекти. Но, да не мистифицираме, во Управата за јавни приходи ќе може на соодватен начин да биде регулирано вршењато на оваа дополнителна дејност. Овде не е предмет на рашение, на дополнителна дејност со овој закон. Со овој закон се решава вршењето на земјоделска дејност, како работен однос и се однесува само на оние земјоделци кои што ќе заснивaат работен однос и ќе се регистрираат како индивидуални земјоделци. Се однесува и за оние кои што ќе произведуваат за себе. Дава насоки и во делот на обавувањето земјоделска дејност како трговец поединец и трговец друштво. Значи, во делот на дополнителната дејност во правниот промет има начин преку тој тип на оданочување, преку тој тип на нормирање на дејноста да се обавува и таква дејност. Но, тука не е предмет на решение. И ако така постапиме тука, со преодни одредби, тогаш законот ќе нема смисла, се губи неговата основна интенција да ги стимулира земјоделците да се регистрираат, да ги стимулира да бидат регистрирани како индивидуални земјоделски производители. И тоа е целта. Се разбира дека фактичката состојба загрижува, има многу лица кои што имаат дополнителна дејност, но пак ќе кажам, ако е така, генерално гледано, треба да правиме измени и во Законот за работни односи. Законот за работни односи не дозволува дополнителна дејност и за други струки, за доктори, за луѓе кои што се вработени во администрацијата. Значи, овој закон иако е лекс специјалис, бидејќи се работи за оснивање работен однос, сепак мора да се повика и на некои генерални одредби од закони кои што регулираат на пошироко ниво. Ценам дека со подзаконски акт во Управата за јавни приходи за кои што сме разговарале, а впрочем и со правилници, уредби кои што ќе произлезат како подзаконски акти во врска со имплементацијата на овој закон во пракса, ќе може на соодветен начин да се реши и прашањето на лицата кои што вршат дополнителна дејност. Меѓутоа, сепак пак ќе кажам, согласно и Законот за работни односи и согласно овој закон, кој што не дозволува тие кои што не можат да бидат регистрирани да се бават со вршење на земјоделска дејност, затоа што има и казнени одредби во овој закон.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потретседателе, почитувани претставници од Владата на Република Македонија, почитувани пратеници,

На овој закон треба да се направи измена во еден член и тоа само во еден член по мое согледување. Тоа е член 50 од Законот кој што член предвидува кога треба да стапи во сила овој закон. Така што јас сериозно размислувам да поднесам амандман дека овој закон треба да влезе во сила во 2030 година во Република Македонија. Кога веќе вака размислувам, треба да објаснам и зошто вака размислувам. Ако до сега пред Парламент е понуден закон, не викам дека не се понудени закони кои што не се применливи, но ако е понуден закон кој што е најнепримднлив и кој што најтешко ќе се спроведе, т.е. ако се спроведе ќе има најсериозни последици по субјектите кои што се третирани со овој закон, тоа ќе биде овој закон. Навистина со предлогот кој што се нуди пред Парламент се прави една драстична промена во сферата на земјоделието поготово во оној дел кој што уредува кој и на каков начин има право да ја врши оваа

земјоделска дејност. Навистина држат објаснувањата дека вакви закони има во Европската унија и дека развиените земји на ваков начин ги разрешуваат односите во дотичната сфера во случајот во земјоделието. Бидејќи со овој закон се тангираат поголем број на граѓани во Република Македонија, јас сметам дека треба овој закон во овој предлог да претрпи и процедурална измена. Така што сега да го гледаме само предлогот на законот, а после дополнителни согледувања да размислиме дали ќе одиме на прддлог на закон во работењето, ако работи понатаму овој Парламент.

Должам објаснување зошто ги кажав овие констатации? Се прави интенција да се уреди прво самиот поим на земјоделската дејност, што подразбира тој поим и кој може да ја обавува таа дејност. Меѓу другото сега треба да им кажеме на граѓаните во Република Македонија дека тие можат да бидат индивидуален земјоделец само ако исполнат општи услови предвидени со овој закон. И тоа земјоделска дејност може да врши само оној кој што е полнолетен. И тоа е во ред. Но, да бидд општо здравствено способен, да не е осудуван, да нема обврски спрема државата, тоа е во ред и тоа се барања кои што законодавецот ги предлага да ги исполнува една дотична особа ако сака таа да биде само и повторувам, само во оваа држава индивидуален земјоделец. Мислам дека ако се дополни на претходното кажано дека секој кој што е во работен однос, или пак е пензионер, а сака да врши земјоделска дејност, треба или да излезе од работа што не е тешко или пак да се откаже од пензијата што е пак многу тешко.

Затоа, ги повикувам предлагачите уште еднаш да размислат околу овие предложени решенија кои што се нудат со содржината на овој закон, да се сведат на условите во кои што се живее во Република Македонија и да се предложи закон, а по него и да се расправа, кој што ќе ги уреди односите во оваа сфера, поблаго во однос на ова што е овде кажано.

Познато е дека во Република Македонија дел од бруто производот се остварува во земјоделието. И дека во тој бруто продукт на ниво на држава, барем во изминатиот период можеме да кажеме дека се постигнуваат задоволителни резултати и дека земјоделската дејснот или земјоделството како гранка партиципира соодветно во формирањето на бруто општествеиот проивод во РМ и тоа е една позитивна работа која што мора да ја одбележиме.

Г. потрептседателе, мислам дека сте во состојба да обзебедите да работиме во Собранието.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Навистина ги молам колегите пратеници да бидат посериозни барем заради почит кон нашите колеги.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Г. потпретседателе, од тој соодветен колега мене не ми треба почит, но треба почит кон сверата за која работиме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ве молам продолжете.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ова се објаснувањата зошто кажав дека Законот треба да се примени во 2030 година, приближно тогаш ќе бидеме на ниво на држава која може да смета да се вклучи во тековите на Меѓународната заедница и нормите кои важат таму да ги прилагодиме во овој момент да важта и во нашата држава.

Дополнително на ова што го кажав, ако инспекторот од областа на земјоделството затекне индивидуален производител кој не е регистриран како таков на неговата нива и ако тој нема решение дека е регистриран како индивидуален земјоделец, тогаш следат санкции за тој што ја работи својата нива.  Ве молам, дали оваа држава ќе дозволиме ние како Парламент да донесеме закон во кој ќе предвидиме санкции за индивидуата која што ја работи својата нива и која што сака од својата нива да ја прехрани својата фамилија, дали со производот кој што го работи на својата нива или со продажба на производот за кој што министерот вели, ако е допол-нителна дејност со Управата за јавни приходи треба да се дорегулира. Не, овде треба да се дорегулира тоа. Овде треба да се предвиди дека можност за вршеше на земјоделска дејност имаат и оние индивидуи, оние граѓани во РМ кои што располагаат со земјоделско земјиште, иако се во работен однос, иако се пензионери, затоа што производот кој што го добиваат и парите од тој производ се добробит во оваа држава. Мислам дека многу лесно е кажано од страна на проф. по шумарство дека ова е револуција во земјоделската дејност во ревулирање на правната норматива во областа или во гранката земјоделство за субјектите кои ја вршат таа дејност. Мојот колега Гештаковски кажа дали на овој начин се заговара една сериозна мерка, која што беше типипно во РМ на почетокот на 50-те години и дали оваа држава ја враќаме со вакви понудени законски решенија на тоа време така да се регулираат односите. Мислам дека во примената на овој закон наместо да ја приближиме Македонија кон реалноста во која таа се наоѓа, Македонија и граѓаните кои ја обавуваат оваа дејност ги ставаме во многу подредена ситуација, додуше ако се применува овој закон затоа што јас сум сигурен дека овој закон нема да се применува.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави Г. Борче Сибиновски, но пред тоа да му дадеме збор на министерот Марјан Ѓорчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Уште еднаш би сакал да кажам дека навистина не ја гледам причината еден европски норматив, нешто што претставува модус вивенди на успешно земјоделско производство во европските земји кон кои се стремиме и ние да станаме дел од таа Европа, да го квалификуваме како ретроградни чекори кои значат враќање во 50-тите или некои други години, затоа што одредбите од овој Закон сакаат да регулираат вршење на дејност, ги предвидуваат општите услови за вршење на земјоделска дејност, нешто што досега не било. А зошто тој закон е применлив? Затоа што имаме над 90 илјади работоспособно активно земјоделско население кое што најчесто живее во краишта, во предели на РМ каде што неможе и да сака да заснова работен однос и не е во работен однос, а тие 90 илјади луѓе издржуваат други 150 илјади издржувани лица. Значи, се работи за една огромна по-пулација на граѓани на РМ кои во овој момент немаат статус. Има една друга група на граѓани од 300 илјади и повеќе вработени, дали се тоа разни еснавски здруженија, дали се тоа различни профили на стучни кадри кои обавуваат дополнителна дејност, јас се согласувам дека овој закон претставува новина. Но и еврото е новина и мора да го прифатиме. Овој закон е новина по тоа што овозможува тие што во овој момент немаат никаков статус да се стекнат со статус, да се регистрираат, да имаат фирма, да имаат седиште. Преку фондот за кредитирање на земјоделството тоа да им биде овозможено, да им биде платено, да не даваат пари за тоа. Да им се пресметува, за разлика од европските сили каде што секој фармер има компјутер, има даночна евиденција, ние определивме паушален износ. Точно е тоа дека ние одевме и од некои изворни принципи од Закнот за вршење на занаетчиска дејност, затоа што таква пракса има во РМ . Но во основа мораме да прифатиме дека и во овој Закон и во Законот за земјоделство нема политика, нема маркетинг туку се работи за лица кои во овој момент немаат статус и тој е веднаш применлив. Тоа не ни го велеа луѓе кои што работат во науката или луѓе од администрацијата, тоа ни го велеа луѓето кои се вклучени, 240 луѓе кои беа вклучени на семинарот на 17 и 18 септември во Охрид од Сојуз на земјоделци, од асоцијации на водокориснички здруженија, тоа ни го велеа луѓето од Агенцијата за унапредување на индивидуалното земјоделство, луге кои што живеат од земјата дека овој закон ќе биде применлив. Затоа и овој закон се изготвув. скоро две години, не затоа што тој во себе содржи елементи кои ретроградни ќе влијаат. Се разбира, инспекторот кога ќе дојде на терен и ќе види дека тој нема решение за вршеше на земјоделска дејност но има решение со тој подзаконски акт дека плаќа данок по катастарски приход евидентиран таму каде што треба, значи не е вршител на дејност, но повторно ќе кажам, тука се јавува една колизија. Имено, Законот за работни односи во РМ не дозволува вршење на дополнителна дејност ниту на економистот кој што работи во администрацијата ниту на доктор кој што работи во Клиничкиот центар и апсолутно по таа аналогија не дозволувам вршење на дополнителна земјоделска дејност. Затоа, овој закон ги пропишува општите услови за тие што ќе бидат регистрирани. Тие кои што нема да бидат регистрирани пов-торно низ една мала врата ќе може да се овозможи тие да си ја вршат дејноста плаќајќи данок на катастарски приход кој ќе биде евидентиран согасно насадите или структурата на земјоделската површина, едногодишни или двогодишни насади и ја обработуваат земјата. Тука се работи за многу суштествена работа, да им дадеме можност на тие кои во овој момент немаат статус, а треба да го имаат во РМ, треба да го имаат достоинството на трудот кој што го вложуваат, треба да го имаат правото од пензиско и инвалидско осигурување, правото на здравствено осигурување, право на боледување, право на боледување на брачниот другар, право на здравствено осигурување на своите деца. Значи, се работи за многу есенцијална категорија на гратани. Ќе повторам, 250 илјади граѓани на РМ во руралните подрачја на РМ каде нема фабрики, нема подрчни единици, нема администрација, таму се одвива земјоделството. Тоа не се одвива на асфалтот во Скопје и Кавадарци. Сите овие лица кои одгледуваат јаболка во Преспанско, лозја во Кавадаречко, во Струмичко дополнителна дејност им е градинарското производство, имаат можност, тие немора да бидат регистрирани. Се разбира дека низ еден преоден период ќе се најде и форма. Јас сум длабоко убеден дека Законот за работни односи во иднина ќе предвиди и вршење на дополнителна дејност и во еден унисон, како една хармонија и овој Закон пренесувајќи ја одредбата од засноваење на работен однос ќе може да го имплементира тоа и тука. Но со овој Закон им даваме можност на тие кои што немаат статус. Се разбира дека тие што вршат дополнителна дејност нема да бидат оштетени. Ние немаме такви правни норми или санкции со кои ќе му ја одземат земјата, ќе се спречи да врши дејност или ќе му се забрани вршење дејност. Тука точно се предвидуваат казнени одредби што се случува кога ќе затекне некој да врши таква дејност и зошто тоа се прави-Едноставно пак ќе повторам, се применува европски норматив, нема политика не е ретроградно враќање назад, ова е чисто убедување на предлагачот. Мислам дека Законот е применлив, впрочем и практиката ќе го покаже тоа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За реплика се јави Г. Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

На некој начин министерот се согласи со мене. Ќе кажам каде. Кажа дека вск овој закон нема форма, дека може да престојат одредени активности во Законот за работни односи, кои можат да овозможат во Законот да се догради во идниот период таква форма, а дотогаш на мала

врата да се овозможи обавување на таква дејност од субјекти кои се тангирани со овој закон. Тоа значи дека сосема сум во право во делот на заблешките кои ги дадов по тој основ.

Јас се согласувам и затоа предложив да оди во две фази, па ако треба овој Парламент да го измени и Законот за работни односи и да овозможи да се изнајде таква форма, затоа што овде се разрешуваат проблемите кои се однесуваат на граганите на РМ. И подобро така да направиме за да не ги спречиме граганите да бидат земјоделци во оваа држава, затоа што ако неможеме да обезбедиме подобри услови, тогаш да им овозможиме да ги искористат овие кои самите ги изнаоѓаат, да бидат земјоделци.

При тоа, мислам дека во делот на преодните одредби можеше да се изнајде форма како ова прашање да се дорегулира и на индивидуалните земјоделци кои нема да се регистрираат - јас не сум да не се регистрираат и по тој основ да не им се обезбеди да се дофинансираат во обавување на дејноста или други погодности кои со претходниот Закон се овозможија. Јас сум и тоа да се направи, но при тоа да не се оштетат оние граѓани кои сакаат и можат на свое земјиште, а ги има многу во многу области во РМ, да произведуваат земјоделски производ повеќе од колку неговите потреби, и не само да произведуваат туку и да продаваат. Оној од Струмица кој е во работен однос да може да произведе пиперка и да ја продаде таа пиперка, оној од Ресен да може да произведе јаболка и да ги продаде, оној од Тетово да може да поризведе грав иако е функционер и да може да го продаде тој грав, а не само за свои потреби.

Затоа, јас не сум критизер во оваа ситуација, јас само сакам да придонесам да се донесе во овој Парламент закон кој ќе биде применлив и кој ќе биде во интерес на оние кои заслужуваат да им посветиме интерес а тоа се оние граѓани кои сакаат или кои мораат да се занимаваат со земјоделска дејност.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави Г. Борче Сибиновски.

**БОРЧЕ СИБИНОСВКИ:**

Иако несакам да се јавам за дискусија во однос на овој Предлог на закон, сепак дискусиите од некои пратеници ме натераа сепак навистина да се јавам и одредени состојби што беа кажани на Комисијата за земјоделство шумарство и водостопанство сега овде на Собрание да ги пренесам. Денес со почеток во 10,00 часот имавме седница на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство каде што беа разгледувани овие предлози на закони за денешнава седница на Собранието. Еден од тие закони беше и Предлогот за донесување на закон за вршеше на земјоделска дејност. На таа седница присуствуваа и претставници од повеќе здруженија на земјоделците во РМ и во ниеден момент тие луѓе кои учес-твувале и на повеќе семинари во однос на разгледувањето на овој закон немаа баш никакви негативни искажувања. Сега сметам дека од некои пратеници само заради одреден политички маркетинг сакаа оваа расправа да се насочи во друг правец, односно во правец на недонесување на овој закон, а тоа значи состојбата да остане статус кво во РМ во однос на земјоделството. Затоа сметам дека искажаните зборови од страна на некои пратнеици, кои се и членови на Комисијата за земјоделство не држат, а посебно неможам да се согласам со искажувањето дека одредени произво-дители кои произведуваат повеќе од она што е за нив потребно не ќе можат истото да го продадат односно да го изнесат на пазарот. Тоа навистина секој производител што ќе го произведе ќе може да го продаде, меѓутоа ќе бидат одредени определени услови на начин како истото да се продава. Дали овие пратеници сакаат да остане статус кво во оваа дејност само заради тоа што сметаат дека се добри условите во оваа дејност или сакаат и понатаму ваквата состојба која од 1996 година па наваму има негативни трендови да продолжи и понатаму.

Ние сметаме дека со донесувањето на овој закон одредени состојби во земјоделството ќе се надминат и тие состојби кои биеа навистина единствени во Европа можам да кажам, а не само во околните земји, земјоделството воопшто да не се помага со овој закон на некој начин ги елиминираме и со ова што сега сметаме да се донесе и земјоделците во РМ да добијат одреден статус во државата.

Заради тоа сметам дека пополека треба да прекинеме со маркетиншки настапи во Собранието, имавме доволно време, имавме доволно можности и ова да го разгледуваме и укажуваме и во секој момент ние бевме како Комисија подготвени, и јас како претседател на Комисијата, одредени измени во однос на одредени членови во овој закон да бидат вметнати во законот и на тој начин да се подобри текстот. Меѓутоа, сметам дека вак-виот начин на кажување само претставува маркетиншки потег и статус кво на ситуацијата во овој Сектор.

Затоа, уште еднаш ќе апелирам до пратениците во ова Собрание дека ова не е Предлог на закон што се донесува за еден ден. На овој закон се работи повеќе од една ипол година, се работи заедно со луѓето кои се директно вклучени во оваа проблематика и сметам дека воопшто не треба да должиме туку истиот денес да го поминеме и во секој случај, ако има одредени негативности во однос на овој закон, кој што некои кажаа дека неможе да помине, неможе да се имплементира и да вијае на теренот, категорично го тврдам обратното.

Имено дека со овој закон одредени состојби со земјоделието ќе се подобрат. Затоа апелирам уште еднаш до пратениците да немаат маркетиншки настапи, туку ваквиот предлог да се прифати, а ако понатаму навистина нешто не функционира ќе има можности да се измени.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Борче Сибиновски.

За збор се јави господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, господа пратеници

Јас морам да признаам дека законот за кој дискутираме сега и претходниот предлог на закон, како и овој што следува по него предизвикуваат должно внимание кај пратениците од причини што навистина кој ги видел и кој се обидел да ги види текстовите на начин да му посвети барем доволно внимание на тие проекти, посебно на проектот за кој сега зборуваме и на состојбите што се во Република Македонија на секторот на живеење и работење ќе забележи дека текстовите на законите, особено сега актуелниот за кој дискутираме навистина внесуваат една нова состојба во однос на организирање на земјоделската дејност во Република Македонија. Земјоделска дејност, сватена, дефинирана онака како што е дефиниран и предлогот на законот, сегментите во кои е и вклучувајќи го и сточарството, производството, прометот и доработката и прометот на земјоделските и сточарските производи, вклужувајќи ги и тука и одгледувањето на пчели и риби.

Вниманието е и од еден друг аспект од причини што огромен дел од населението во Република Македонија практично основна дејност за егзистенција му е токму оваа дејност од каде црпи некакви приходи за да може да го репродуцира себе си, своето семејство во тековната година. Резервите во овие транзициски периоди да Република Македонија исто така граѓаните ги наоѓа токму во тој сектор за кој сега и претходниот, како и тој што следи ги тангираат.

Слушајќи ги и дискусиите и мојот впечаток од законот е дека може слободно да се каже дека добрите намери во врска со ова прашање секогаш водат и до добри резултати, какви што треба да бидат. Ова од причини што веднаш е воочливо дека нормативните рамки кои се заговараат во овој предлог закон далеку отскокнуваат од реалната позиција на носителите на ова стопанска гранка и условите во кои тие сега стопанисуваат.

Второ, исто така може да се насети и да се каже и да се заклучи дека нужно е и евидентно дека со овој пакет на закони, три закони треба да стојат и други пакети на нормативни мерки, и измени и дополни на други закони во Република Македонија, исто така да биде пропратено и со мерки на економската, тековната и развојната економска политика во Република Македонија.

Инаку, сами за себе вака како што се нормите само ќе бидат гола декларација, или мртва буква на хартија, при што ќе бидат спроведливи, го делам мислењето со многумина кои овде тоа го кажаа.

Сега би сакал да укажам и на неколку работи. Точно, јас верувам во она што министерот го кажа дека на овие проекти, затоа што ние пред 7-8 месеци еднаш ги добивме овие закони во една форма, па на некој начин беа повлечени, не дојдоа ниту на работните тела на расправа, ниту на седница на Собрание, а веројатно преходно се работело и точна е констатацијата дека се работи подолг период, некаде година и пол до две години. Но, во периодиката сретнав, а некои активисти од здружението на земјоделците контактираа со мене и кажаа дека е водена расправа на теренот по овие предлог текстови на закони, но факт е дека пратениците во ова Собрание овие закони ги носат во форма во каква што е утврден овој дневен ред - предлог за донесување со предлог на закон, само за последнот што е форма на предлог на закон. Ние прв пат денеска, или прв пат како што рече претседателот на Комисијата за земјоделие во 10 часот прв пат се сретнаа пратениците и имаа можност да го кажат своето мислењ8 по тоа прашање. Сега за 2-3 саати прв пат треба да се изјасниме дали ги прифаќаме тие работи. Мислам дека има голема диспропорција помеѓу времето кое е употребено за подготвување на овие проекти и времето дадени во овој законодавен дом да расправа за оваа материја, со оглед на карактерот на материјата која е и на карактерот на решенијата кои се нудат во овој закон и во другите закони. Затоа не зачудува малку изјавата на претседателот на Комисијата за земјоделие, шумарство и водостопанство, господинот Борче Сибиновски дека ова што се дискутира овде е маркетинг. Навистина, барем приодот што јас го имам и што разговаравме уште во текот на вчерашниот ден, кога постоеја индиции за поставување на дневен ред овие предлози јас инсистирав вчера да се одржи седницата на Комисијата, но за жал претседателот не можевме да го најдеме ни со полиција вчера да се закаже седницата. Веројатно имал некои други обврски можеби поврзани со овој закон, тој си знае.

Факт е дека ние денеска прв пат се среќаваме и мислам дека наметнување на таква констатација дека е маркетиншки приодот по однос на дискусијата што се развива тешко може да опстои.

Прво, лично сметам дека има голема диспропорција помеѓу нормативниот текст кој се предлага и реалната состојба. Некои колеги пратеници зборуваа конкретно, со факти за таа работа, а јас би укажал само на следната индикација.

Често и надлежниот министер за овој закон кажува дека се користени примеир од развиените земји, особено од поразвиените земји што С8 во транзиција, се споменуваат Словенија, Хрватска, Маџарска, каде што евидентно овој сектор е далеку понапред од Република Македонија и каде што приближно еден подолг историски период е работено во слични системски услови. Мора да кажам дека ние работевме во слични системски услови во Република Македонија со Словенија и со Хрватска, но мора да се каже дека и тогаш тие беа далеку понапред во секторот за земјоделие. Тоа не од причини што системот тоа го стимулираше, или го оневозможуваше кај нас, туку мора да кажеме дека поради историските околности во кои се развивани тие земји или земјоделски подрачја за разлика од нашата. На пример во однос на правниот режим на земјиштето и мерките кои се преземени низ историскиот период во Словенија, во Хрватска и во Унгарија познато е дека таму поради искуството на Австроунгарската империја своевремено постоеше поинаков правен режим во врска со земјиштето, така да познат е книжен систем на земјоделците така да голем дел на правни проблеми во врска со сопственоста на земјиштето беа расчистени историски од порано, без разлика на социјалистичкиот систем што внесе измени со мерките од 1945 година итн. И со оглед на околностите што нашите тогашни уставни можности даваа можност индивидуалните земјоделци да располагаат со одреден квантум на индивидуално земјоделско земјиште во тогашниот систем, тие го развиваа тој систем и со посебни економски мерки. Кај нас поради познатиот правен систем на земјиштето и други историски околности на развој на Република Македонија во делот на Отоманската империја постоеше друг правен систем и со револуционерните мерки превземени 1945 година до крај се измешани проблемите со земјоделското земјиште. Дури и ние некаде пред десетина години за да спречиме слободен промет на земјиштето во Република Македонија донесовме Закон за заштита на земјоделско земјиште каде што долго години го усложнивме слободниот промет на земјоделско земјиште, што беше тешко изводливо тој промет да се одвива слободно за да се окрупнат земјоделските парцели, кои се предуслов за едно рационално земјоделско стопанисување. За жал дојдоа времињата на плурализмот, демократијата, се носеа други мерки итн, и во тој сектор многу минимално е направено или ништо не е направено, а е предуслов за примена на вакви проекти.

Јас мислам дека е нужно во Република Македонија пред се да се утврди правниот режим на земјоделското земјиште.

Второ, треба да се изврши арондација и комасација на земјоделските парцели и во индивидуалниот сектор, каде што се доминантни, веројатно се движат од 75 до 80% исклучиво ситни парцели кои не дозволуваат, освен во раноградинарското производство, каде што се бара помали парцели за раноградинарско производство, во другите земјоделски култури не може да се спроведе, рационално, покрај другите услови што недостасуваат и тоа е еден предуслов за рационално производство во земјоделието. Затоа мислам дека овие закони пред се ќе висат во воздух и дека не ги пратат соодветно други мерки кои треба да ги пратат на начин на кој што треба.

Оттаму решенијата што се заговараат, кои како идеа се добри и вака како декларација прочитани, но кои не ја следат состојбата на теренот во Република Македонија тешко може да се сложи дека тие ќе профункционираат барем со приближен капацитет за да дадат позитивни резултати во смисла на ова што одделни пратеници зборуваат дека ќе се решат голем дел од проблемите. Напротив мислам дека ќе се усложнат проблемите.

Да прецизирам, лично јас, а верувам дека и другите пратеници кои зборуваа за овој закон во смисла на резерва и критикување не се против идеите кои се внесени во овие закони и решенија, туку се против решенијата, сккепсата дека тие решенија тешко ќе функционираат на теренот кога изостануваат други пропратни нормативни мерки во законите, економски мерки, а пред се дека ќе предизвикаат дополнителна тензија во овој сектор.

Еве, погледнете го овој закон што сега се усвојува. Има 10 страници кои ги регулира содржински односите, а плус има три страници каде што исклучиво се пропишуваат казни за земјоделците ако не исполнуваат услови. Еве погледнете го членот каде што вели за да се регистрира еден индивидуален земјоделец да може да врши земјоделска дејност прв и основен услов е да биде полнолетен. Тоа значи да има 18 години. Во тутунското производство огромниот дел лежи на тутунопроизводители кои не се полнолетни. Тоа јас и лично го имам како животно искуство, така сме работеле, така сме живееле, така сме учеле, така сме ствараle услови за образование итн. Прашајте во Прилеп на кого лежи, пред се онаму каде што се бара нестручна работна рака во земјоделието и каде што трудоинтензивното учество во финалниот производ е во висок процент. Од друга страна во казнените одредби се заговара ако не се спомнуваат тие услови дека соодветно ќе биде казнет индивидуалецот, од 8000 до 30000 денари ако се врши таква дејност. Мислам дека има апсурдни решенија.

И самиот министер знае дека нешто ќе мора да се поправи. Јас жалам што

навистина во ваква фаза се носат закони, бидејќи немаме можности широко да расправаме.

И една лична забелешка за претседателот на Комисијата за земјоделие, шумарство и водостопанство каде што го фали процесот на ужество на разни здруженија и други субјекти во однос на изготвување на предлог на текстовите на овие закони. И јас се согласувам дека е тоа добар приод, но господине претседателе зошто вие како претседател, зошто ниеден член од Комисијата не беа вклучени во тој процес на советувања, расправања, да бидеме во тек, да учествуваме и да немаме недоразбирања или помалку недоразбирања овде во Парламентот за да донесеме поефикасен текст воопшто во Република Македонија од кој ќе имаат корист пред се индивидуалните земјоделски производители, а веројатно од тоа ќе има корист и целата држава Република Македонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на господинот Наќе Стојановски.

За реплика се јави господинот Борче Сибиновски.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Во секој случај мислам дека она што го кажуваше во иајголем дел господинот Стојановски беше позитивно оценет овој Предлог на закон за вршење на земјоделска дејност и тоа ме радува. Меѓутоа беа укажани некои работи за мојата презафатеност и за моите обврски кои што ги имам. Се надевам дека моите вчерашни обврски не можеа да направат обврски за денешната седница на која што требаше да учествува и господинот Наќе Стојановски, меѓутоа сметам дека и господинот можеби имал некои побитни обврски и во секој случај заради обемноста на законите што се пред нас од оваа област најверојатно човекот според неговиот однос и според неговиот начин на работа и според неговиот начин на прегледување на законските норми очигледно повеќе време му требало. Тоа е првата работа што сакав да ја кажам.

Се согласувам со ова што кажа дека ова како идеа навистина доста вреди.

Втората работа што сакав да ја кажам и да ја истакнам овде е дека неговиот дел во кој што кажуваше дека она што го кажувале неговите сопартијци навистина не било маркетинг, туку навистина било едно укажување дека овој закон само како идеа е добар, а како закон кој што треба да се применува на теренот навистина не ќе може да се применува. Еве и тоа ќе му го прифатам дека е така, меѓутоа што значи тоа дека како идеа е добар и не треба да се прави, сеуште не е донесен законот се кажува дека не може да се применува на теренот за што јас навистина сакам да кажам дека овој закон со одредени други законски нормативи и подзакони што треба да се донесат навистина ќе ги опфати луѓето кои што досега во ова општество на ниеден начин не беа опфатени, а тоа се луѓето кои што се директно вклучени во земјоделието.

Третиот дел, по однос на одредено кажување на г. Стојановски е соработката на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство со луѓето од дејностите што ние ги застапуваме. Пред малку кажав дека овој закон се работи долго време. Навистина ние го имавме 2-3 пати доставено и вратено повторно назад, работевме многу пати на терен, многу пати, членови од Комисијата од редот на пратениците и надворешни членови беа повикувани на многу семенари во земјата, одржувани со разни земјоделски асоцијации по однос на овој Предлог закон. Беше повикуван и г. Наќе Стојаноски, меѓутоа заради одредени поголеми обврски човекот не можел да дојде. Јас воопшто не сакам да навлегувам во неговите обврски кои се, меѓутоа сметам дека она што ни е дел за работа на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да го работиме и од она што не сме задоволни во однос на идеата за овој закон со одредени предлози треба да го надополниме.

Имавме доста можности, овој предлог на закон со одредени идеи, во амандманска расправа на Комисијата да го измениме и според она размислување што го имаат дел од тие пратеници, по нивното кажување, дури да биде вграден и во овој закон. Меѓутоа позитивната работа за изработка и доработка на одредени амандмани кои требаше да бидат доставени, немаше од нивна страна. Има само кажување дека овој законски предлог не е позитивен, не може да се применува, воопшто не може да биде применлив во праксата, ние ја знаеме праксата каква е. Меѓутоа, јас ќе ви кажам дека овие луѓе, или зборуваат за некое поминато време, што не ја знаат праксата и вистината, или се ептен понапред, размислуваат како тоа го размислувале одредени други држави кои што кажаа, се пред транзиција, не се во транзиција. Меѓутоа, морам да кажам дека навистина не сум со сегашноста што е во Република Македонија, по однос на оваа проблематика што денес ја дискутираме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинто Сибиновски.

За реплика се јави господинто Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Не за реплика, го користам моделот за реплика, но да објаснам некои работи.

Овде се консултираме ние членовите во Комисијат аза земјоделие и прв пат слушаме од претседателот дека некогаш воопшто не поканил на такво советување, во врска со овие проекти. Овде сите велат прв пат слушаат за такво нешто. Тој вели дека биле некои членови од Комисијата, барем нека ги каже по име и презиме

кои биле за да видиме кои се тие што биле, па ќе ја расчистиме ситуацијата.

Второ, невкусно е сега да се расправаме околу таа работа, но претседателе навистина заличувате на потпарол на министерот за земјоделие. Не е тоа проблем што така заличувате, со вашиот настап, проблемот е во тоа што сте многу лош потпарол.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Наќе Стојановски.

За реплика се јави господинот Борче Сибиновски.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Мислам дека некој навистина заборава.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јавува госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

За очекување е дека вака значајно решение кое што претендира да направи едно правно уредување на земјоделската дејност во Република Македонија, предизвика значаен интерес кај пратеници од различни политички партии. Меѓутоа, за мене лично, за изненадување е ваквиот висок степен на скепса, да не го наречам и полошо, популизам на кој наидуваме при секое носеше на еден нов системски закон кој претендира правно да ги уреди нормите во една област, па еве и во земјоделието.

Ќе потсетам само на едни факти кои и досега имавме можност да ги видиме. При носењето на Законот за ДДВ, иста една ваква скепса имавме од целата пратеничка група на СДСМ. Дури имаше и навестување, ве молиме колеги навестете му на министерот дека овој закон треба да го повлече, или барем рокот на неговата практична реализација да го повлече за три, за шест месеци, па дури и за година, а сведоци сме дека и овој закон, токму во времето кога беше продолжен наиде на иста ваква скепса, па дури и на такви дискусии од типот - сето тоа е мртва буква на хар-тија, ние не сме моќни, не можеме да го реализираме, па факт е дека овој закон не само што се реализира, туку и најдобро го полни Буџетот на Република Македонија.

Истото се случи и со сите закони кои беа донесени во сферата на реформата од банкарските дејствија. Истото се случи при носењето на Законот за загубарите и еден куп други закони. Значи скепсата како метод на работа можеби е присутна кај поголем дел од пратениците од пратеничката група на СДСМ. Јас за тоа не ги критикувам, можеби тоа е недостаток на храброст, можеби е недостаток на време и желба што поскоро да се уреди една ваква проблематика.

Јас го поздравувам носењето на овој закон. Жалам што истиот не се донесе порано. Жалам што еден ваков закон не беше донесен 1991 година, заради тоа што ние повторно, во сите наши дискусии, на сите наши дури, за жал изборите се тука, не можеме од тоа да избегнеме, велиме земјоделието е иднината на Македонија. Меѓутоа, никој не се потруди ниту со еден проект, па макар нека тој биде и недоволно добар, да ја уреди оваа област. Верувајте, ако 1991 година имавме еден ваков закон, добар дел од сите оние кои денес стојат во бироата за вработу-вање, добар дел од оние на кои земјоделието и денес им е додатна, или можеби основна дејност од која живеат, ќе беа благодарни и ние сега ќе имавме можност да се соочуваме со проблемите со кои во пракса би одела реализацијата на овој закон и би правеле измени.

И самиот министер господинот Гирчев рече дека со еден акт Министерството не претендира комплетно и одеднаш да ги реши сите проблеми, се разбира бидејќи е прв системски закон кој се носи во оваа област. Меѓутоа интенцијата на овој закон, би ги нарекла во одредени делови дури и револуционерните решенија кои се нуди да ги донесе во оваа област зборуваат за тоа дека постои една визија за тоа како треба да изгледа Република Македонија и какво земјоделие треба да има. За жал тоа не може да се каже за целокупниот период што го имавме до сега, бидејќи ако тоа постоеше, верувам дека ние ќе имавме веќе разработен сегмент и веќе ќе носевме предлог измени на одреден закон.

Не се согласувам со тоа дека законот не треба да оди одеднаш, односно дека треба да оди во две фази, од причина што ние немаме ниету еден закон со кој во овој момент ќе вршиме предлог-измени, туку нудиме комплетно нов закон. Се разбира дека во неговата реализација можеме да наидеме на одредени препреки, тоа и министерот го рече, можеби има и одредени недоречености, тие ќе треба да се решаваат во од. Меѓутоа за мене е многу позначајно што конкретно во оваа област веќе стануваме свесни дека земјоделието е наш основен потенцијал, дека конечно треба да се направи прегрупирање во Република Македонија и одредени луѓе на кои додатна дејност им е земјоделието треба да им нудиме нов стимуланс, со цел комплетно да се определат за оваа дејност и со цел од тоа да може да живеат не само тие туку и членови на нивното семејство и можност за формирање на одредени акционерски друштва или на друштва со ограничена одговорност, како што тоа го нуди овој закон.

На крај само една мала опаска, бидејќи имаше конкретно решение во врска со тоа кој се може да врши земјоделска дејност, во која се вели, покрај општиот услов определен со член 11 треба да е полнолетен. Тоа беше. критикувано,

меѓутоа, за жал ние треба да се одвоиме од нашето минато. Точно е дека голем број на деца се употребуваат и се злоупотребува детскиот труд во оваа дејност, меѓутоа ние сакаме да биде дел од нашето минато заради тоа што еве и на оваа седница и порано Република Македонија е потписник, ратификувани се голем број на конвенции со кои треба да се забрани злоупотребата на детскиот труд затоа што сепак тоа се деца и добро е што и во нашите законски норми, за кои што сме обврзани тоа да го направиме, го мислиме. Значи, дека не е хендикеп на овој закон што нуди оној кој што се вади со земјоделие да биде полнолетен, туку напротив треба да биде наша предност, заради тоа што детскиот труд е детски труд.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

И благодарам на пратеничката Марковска.

За збор се јави Батковски Димитар.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Благодарам почитуван потпретседателе,

Да ви се извинам на сите што се јавувам по втор пат заради појаснување за дискусијата во врска со овој Предлог на закон за земјоделско земјиште.

Она што навистина мене ме зачудува што на одредени пратеник, во нивните дискусии, како да им пречи донесувањето на еден ваков закон. Не ми е јасно зошто. Овој закон, во неговото изготвување, ќе повторам уште еднаш, учествуваа врвни стручњаци од струката, од Земјоделскиот факултет, од Земјоделскиот институт, а во неговото дефинитвно обликување учествуваа и стручњаци од Правниот факултет. Сепак, повикани стручњаци кои, навистина се еминентни стручњаци кои се сепак релевантни за една ваква област.

Сега, ако се земе предвид дека времето на неговото изготвување беше толкаво, целокупната вклученост во него, каде што главно, јас и тоа го истакнав во дискусијата дека Здружението на земјоделците имаше неподелени симпатии, немаше ниту една забелешка. Дури имаше критика овој закон што не се донесе ваков, каков што е, што не се донесе многу порано. Бидејќи ваков, каков што е, еден од ценетите пратеници кажа дека треба да се применува од 2030 година или 2050 година. Не, јас би рекол овој требаше да се донесе многу порано 1991 година, можеби. Затоа што овој закон ние го донесуваме како потреба, како неминовност, како нешто што го бараат нашите земјоделски производители. Токму затоа неговото донесување, кај мене за тоа нема да има дилема. И еве, јас морам да кажам дека и во Комисијата за земјоделие и шумарство и како стручњак од одредена дисциплина што мојот факултет, односно сродниот факултет, Земјоделскиот факултет, бевме активно вклучени и учествувавме во неговото изготвување. Сето тоа, не знам, зош-то сето тоа се пласира како одредена недоверба кон еден ваков Предлог на закон. Тоа навистина ме зачудува и не можам самиот себе си да објаснам.

Благодарам господине потпретседател.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на колегата Батковски.

За збор се јавил пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Пак тврдам дека законот е неприменлив и дека, и ако се направи обид да се примени, тоа ќе биде на штета на огромен број граѓани во Република Македонија кои се занимаваат со земјоделска дејност што до сега беше третирана како дополнителна дејност. Затоа што законот не ги третира таквите досегашни занимања, не ги верифицира тие занимања, дури и санкционира такво занимање.

Со самиот факт што се ограничува активност на граѓанин кој поседува земгјоделско земјиште, а кој произведува и за стоково производство, тој тоа тешко го прави, а уште потешко го продава, или ако го прави и го продава ќе биде казнет затоа што работи, произведува и продава, е голем дефект на законот. И колку професорот да сака да не убедува дека е ова авангарден закон, јас со забелешките што ги кажав во мојата дискусија, кажав во кој дел е тој неприменлив. Со ниту еден збор не кажа дека не е добро што се уредува земјоделската дејност во делот на земјоделска дејност како занимаше. Дури тоа го потенцирав. Но, кажав дека има многу формалности што се испречуваат пред индивидуалецот кој сака да се занимава со таква дејност од делот на правната процедура, за да обезбеди правна верификација на обавување на таквата дејност и, дури и во делот на стручно образование за да може да продава производи од таквата дејност. Дури пак и да полага пред комисија што ја формира Министерството за земјоделие, дали ја познава таа дејност. Иако е со средно земјоделско училите, предвиден најнизок степен на образование за обавување на таквата дејност.

Така што колеги пратеници и вие господине Батковски и вие госпоѓо Марковска не ме убедивте. Е сега, ќе ви кажам и зошто конкретно не ме убедивте. Не е прашање ние од оваа пратеничка група да сме против законски решенија што ги нуди позицијата а ги поддржува вашата пратеничка група, без да кажеме што фали на тие закони, априори да имаме таков став. Дури ни потенцирате примери кога сме биле ние против.

Ќе ве потсетам, бевме против да се примени Законот за ДДВ а да не се направи измена во Законот за акцизи. Сеуште сме против. Дури и вие сте против. Ке ве потсетам, Владата понуди измени на дел од Законот за акцизи, иако не сум сигурен дека тие не се доволни

предложени само во тој дел. Тогаш се обидовме со примената на Законот за ДДВ да предложиме и цел закон за акцизи, група пратеници, од повеќе пратенички групи. Но, вие бевте тогаш против, за да сега сте за тоа решение. И, ќе бидете за. Ќе имаме тука гласање, ќе бидете за тоа решение кое што ние тогаш го нудевме. А, вие дури поднесувате и амандман што комплетно го нуди тоа решение што ние тогаш го понудивме. Да ве потсетам, тоа беше пред година ипол. Година ипол е долг период во Република Македонија за да се изгуби едно такво време, за една таква сериозна работа.

Ние бевме против во делот на Законот за загубари, така го нарековте, иако таков не постои. Но, се надевам мислевте на Законот за работни односи што го третираше периодот на миниму стаж и што го укина, 25 години. Слушам и читам дека вашата Влада ќе предложи да тоа повторно биде законско решение да може работниците кои ќе се определат за пензионирање да обезбедат право на пензионирање со 25 години работен стаж во дотичната фирма која што нема услови да работи или што е загубар.

Спомнавте фази, па токму дека е комплетен закон треба да се носи во две фази. Јас сум за две фази, и нее заради тоа да ми се исполни некоја желба, или некој каприц, дека тоа го предлагам, туку сакам, заедно претставницте од Владата, Комисијата, пратеници кои што се од повеќе партии во Комисијата, придонесат, не само на една формално закажана седница на Комисијата, туку пред тоа, придонесат да се дадат одговори на овие поставени дилеми со законот кој што ги поставува Законот. Не во интерес на Димитар Бузлевски, во интерес на голема група на граѓани, дури и во ваш интерес, затоа што вие на некој начин воспастувате санкционирање на голема група на граѓани во Република Македонија, или недобро ги третирате нив со самиот пад што не нудите можност или тоа покасно сакате да го направите да тие може да се занимаваат со дејност, а да не се откажат од својот работен однос, или од својата пензија. Е тоа се дилемите. Околу тоа да разговараме, и во тој дух да ја насочиме расправата за да донесеме закон кој што ќе биде применлив и од корист на граѓаните. Впрочем, сите закони во Република Македонија ќе се согласиме се носат во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на голегата Бузлевски.

За збор се јавил г. Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, господо министри,

Јас навистина денес по оваа проблематика немав намера да се јавам, меѓутоа сум испровоциран од дел од пратениците кои упатуваат критики, и кој еден ваков базичен закон во сферата на земојоделието го политизираат овде, ама баш без никаква потреба.

Дозволете да посочам неколку аргументи зошто овој закон не требе да се политизира, и зошто барем земјоделците не треба денес да ги поделиме, кои се од ВМРО кои се од СДСМ.

И впрочем да посочам неколку аргументи дека сите пратеници од СДСМ што дискутираа и што држат отприлика сличен став, а се согласувате дека не се идентични ставовите на сите пратеници што дискутираат по оваа проблематика, меѓутоа мора да се каже дека апсолутно нема никаква политика или политикантство во овие забелешки што се упатуваат кон предлагачот на законскиот текст, и најмалку право имаат колегите од ВМРО-ДПМНЕ да бидат адвокати на министерот овде, и да го бранат овој законски текст вака како што е поднесен, само со една изречена реченица - еве овие од СДСМ, сите реформски и револузионерни закони што оваа Влада ги носела досега, ние на сите сме се противеле.

Дозволете да аргументирам ова што го кажувам. Ако биле сите реформски закони револуционерни, што ги носела оваа Влада, а СДСМ овие триипол-четири години се противел на донесување, тогаш ги прашувам колегите од ВМРО-ДПМНЕ зошто и покрај нашето противење тие закони кога веќе се донесени не потекоа мед и млеко во Република Македонија, напротив Македонија се наоѓа на најниски можни ниски гранки економски од своето осамостојување до ден-денешен.

Прво, не секогаш законите кои се носат и ако се оценети од предлагачот дека се некои прогресивни и револуционерни не секогаш мора да значат дека се адаптилни за еден економски амбиент, и не секогаш даваат посакувани економски резултати.

Второ, една мала реплика на г-ѓата Марковска, бидејќи бев член на Државната комисија за изработка и донесување на Законот за додадена вредност кој беше и еден од најреволуционерните и најекономски издржаните закони кој ги донесол овој Парламент, можам да кажам дека овој Парламент апсолутно ниту една точка, ниту една запирка смени, од оној финален текст, кога беше мислам седма или осма работна верзија, која Државната комисија во тогашен состав на тогашната Влада го изработи Законот, и поради промената на власта во поднесе на усвојување во овој Парламент во сегашниот состав.

И сакам да ве потсетам дека и тогаш имавме една дискусија по тој закон, и на мојот личен став, и на ставот на СДСМ, дека го поддржуваше тој Закон со тоа што требаше да се донесат низа конзистентни мерки кои во старт би ги анулирале негативните ефекти од еден таков шок, закон што се носеше во Република Македонија.

И токму нешто колегата Бузлевски спомна во тој контекст, ние на вчерашната седница, на денешната, можеби утре, ќе гласаме токму закони кои паралелно со воведување на ДДВ, ги нудевме тогаш како компензаторски ефекти на тоа што беше негативна страна од воведувањето на ДДВ.

Инаку, нека ме убеди г-ѓата Марковска, дека од тој финален текст што беше изработен од други луѓе, не луѓе од оваа власт, е изменета една точка, една запирка, и нека го земе листингот од гласањето, дали СДСМ гласал против еден таков закон, и затоа преку некакви такви лоши споредби сега се политизира случајот, и овде дискусиите на пратениците од СДСМ се подредуваат по тоа дека има некои политичко опонирање, затоа што е предложен од министер од редовите на ВМРО-ДПМНЕ.

Напротив господо,

Длабоко сум убеден дека законот ако денес го донесеме, и стапи во сила да речеме, незнам какви се правните и завршните одредби после 8 дена од објавувањето во Службен весник на РМ, апсолутно е неприменлив, затоа што би предизвикал револузија кај голем дел од земјоделските производители кои во овој момент се затекнати во ваква состојба во каква што се.

Тоа го тврдам, бидејќи знам дека, со овие одредби во понудениот текст, каде што земјоделец не може од утре да биде никој кој досега бил, освен Вељо Тантаров, кој веројатно му дава поддршка на овој закон, и кој е регистриран во некое земјоделско здружение таму, меѓутоа, Вељо Тантаров не е земјоделието во Македонија, и тоа требе да се разбереме. Ако е ситуацијата таква, јас се прашувам, каква е храброста на минстерот утре навистина да почне да го имплементира и да го спроведува во пракса законот.

Утешно беше што во неговото незнам кое беше по ред излагање во овие дискусии со пратениците, дека кажа, дека свесни сме за таа ситуација, за која говориме дека е неприменлив во тој сегмент, и не е прифатлив за никого апсолутно, можеби кај 90% од затекнатите земјоделски работници во Република Македонија, меѓутоа, сепак ние сме свесни на некоја мала врата, еве цитирам сега министре, рековте дека тој што произведува пиперки во Струмица утре пак може да си произведува, тој што произведува грозје во Кавадарци може повторно да си произведува, тој што произведува јаболка во Ресен повторно може да си произведува, меѓутоа јас не сретнав никаде одредба каде е таа мала врата. Законот или е закон, и се почитува на цела територија на Република Македонија, и важи за сите категории, затоа се вика Закон, или не може да прави дискриминација дека некој има мали врати, некој има големи врати, да ги почитува тие законски одредби.

Напротив, делот каде што се санкционираат оние луѓе кои нема да постапат во овој закон се прилично ригорозни, и би предизвикале големи бранувања во овој сегмент, во оваа шпекулација во целокупната држава.

Затоа, ниту од една уста не слушнав, барем од мојата пратеничка група тие што дискутираа досега да кажат дека овој закон не требе да се носи.

Меѓутоа, дека е ноторен факт, дека се потребни две фази, и во тој меѓупериод помеѓу првата и втората фаза, дека добро треба да се размисли токму за спроведливоста на овој закон во пракса, а да не предизвика некој селански бунт во Република Македонија, треба добро да се размисли и да се прифати ова како некоја најдобра намера и најдобра забелешка кај предлагачот. И не гледам зошто тука правиме од све политика, и дури еден ваков базичен закон, со една базична сфера во севкупние економски движења во РМ, сега непотребно го политизираме.

Инаку, ако човек не го прочита законот, и ја следи дискусијата на мониторот надвор, вон салата, или во салата, навистина до последниот селанец во РМ, неможе да допре вистината за што се работи, па дозволетеми еден практичен пример на оние што не гледаат сега да им објаснам за што ние опонираме сега во СДСМ, и бараме еден мал период да некои одредби во законот се променат, за да биде применлив.

Сега на пример, јас сум пратеник, имам одредено земјиште таму каде што живеам, и произведувам и за сопствени потреби а нешто можам да продадам и на пазар. Тоа од прилика го прави мојот родител, еве конкретен пример земам. Од утре, ако стапи законот на сила, ова е практичен пример што би се случил утре во пракса со овој закон, од утре, значи ако законот стапи на сила, мојот родител бидејќи е пензионер, а јас бидејќи сум пратеник, жената бидејќи е службеник, децата бидејќи ми се малолетни, никој не може да регистрира кај нас земјоделска дејност. Што значи дека тие ниви, до вчера што сме ги работеле, и што нешто сме произведувале за сопствени потреби и нешто за пласман на пазарот, не што не ќе можеме да го произведуваме, ќе ни биде забрането од разни инспектори, ќе ни биде забранувано и санкционирано согласно казнените одредби од овој Закон. Го прашувам министерот, каде е таа мала врата каде што јас треба да се протнам, па во некој меѓупериод додека се стабилизираат комплетните состојби, треба да го правам истото што ќе го правам.

И овој пример што ќе го кажам на сопствената личност, да речам за мене да се однесува, не е најекватантен, го прашувам министерот како е можно да е применлив законот, кога од вкупните овие бројки што ги спомна дека 80.000 луѓе се занимаваат со земјоделие, јас не ја знам точно цифрата, меѓутоа можам со сигурност да потврдам дека преку 80% од тие 80.000 луѓе, токму

на овој начин се занимаваат со земјоделие. И затоа би ве молел, да не го политизираме случајот, напротив, најдобронамерно сугерираме дека вие со овој закон утре би направиле селанска буна, или по теоретска постапка би бил овој закон спроведлив, доколку сите индивидуални земјоделци кои во моментов не се регистрирани по овој закон, укажат, дека еве ви ги отстапуваме нашите ниви кој од дедовци, прадедовци сме ги наследувале, и некои долгорочни насади со стебла за јаболка, за грозје итн., му ги даваме за некоја паушална цена да ги работи Већо Тансаров, и ако стигне тој да ги работи во рамки на овој закон.

Едно е г. министре вие да кажете дека законот е револуционерен, прогресивен итн., и место да се стремиме ние како држава кон вакви закони кои се иманентни на високо развиените европски земји, ние сега треба според размислувањата на СДСМ, на забелешките на овој закон, сме се враќале во 50-тите години од Бившата Југословенска Федерација што сме живееле.

Јас одговорно тврдам, и да успеете да го примените во пракса овој закон, додека не се направи конзистентна законска материја, во оваа област каде што малку загатна г. Наќе Стојановски во неговиот настап околу окрупнувањето на земјоделските парцели, околу комасацијата, итн., ама апсолутно нема никакви позитивни ефекти. Инаку, се согласувам дека ние треба да се стремиме кон тие Европски структури, а согласно на тоа треба и нашето законодавство да го направиме компатибилно да биде на нивното.

Меѓутоа, едно мало потсетување, рано утрото кога дојдов овде во овој Парламент неочекувано имав некоја средба со г. Тарнер, кој во Макеоднскиот Парламент е преку ФАРЕ помошта, како некоја техничка помош за разговори, преговори и укажување на пратениците како треба да се носат законите, барем оние кои се компатибилни со ЕУ, и оние закони кои влегуваат во некои матрици околу добивање на некои кредити од Светската Банка од од ММФ итн. Неговата основна забелешка во прелиминарниот извештај, колку што сфатив за тоа кратко време, колку што разговаравме сабајлето, а сега прави некој финален извештај, како што ми спомна, е токму во тоа дека клучни закони во клучни економски сфери се носат многу набрзина. Токму, не се дава апсолутно никаков простор низ една комисиска расправа, каде што седат експертите од овој парламентарен состав, во комисиските расправи да се дојде до едни сознанија што му фали на законот, како треба да се довери итн. И, сега, тој ги бара причините, разговара со пратеници, разговара со членови на Владата кои се во најчест случај предлагачи на законите, меѓутоа, неговите сознанија, барем како што спомна, говорат дека некогаш поради причини во Парламентот, а повеќе како причини од Владата ги спомна дека набрзина базични закони се носат и воопшто не се дава простор на стручните и помошните тела на Собранието, на некој начин да донесат и на некој начин да го усовршат тој законски или потзаконски текст. Во тоа брзање подобро е да не се донесе закон, отколку да се донесе лош закон.

Повеќе немојте да не убедувате дека ние сме Европа и дека се европски треба да гледаме во тој сегмент. Ние ќе го направиме законот по европски терк, меѓутоа, во преодните и во завршните одредби мора да дадеме еден период кога тој закон ќе биде имплементиран без да прави штети и некои дисторзии во целокупното стопанство во РМ.

Затоа, најдобронамерно укажувам дека апсолутно нема никакви политики и опонирања од СДСМ, затоа што бил од друга политичка провиниенција министерот, па затоа што тој го предложил, затоа опонираме.

Инаку, ако министерот ме убеди дека овој закон може да го спроведе без никакви бељи да направи во земјоделската популација во РМ, тогаш, еве, дајте да го изгласаме законот и од утре нека стапи во сила. Меѓутоа, не сме убедени со некои воопштени формулации и кажувања дека нема проблем, законот е реформски, револуционерен, проевропски е, се доближува до високо развиените западни земји, не оддалечува од 50-тите години, каде што сме биле итн. Затоа, немојте нешто што не е предмет на политика, да правиме политика од се овде.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на колегата Илија Илоски.

Дали може да се договориме и ве молам послушајтеме. Вие знаете дека имаме одредени колеги ваши пратеници кои постат. Времето се приближува и јас планирав оваа точка да ја завршиме и да ја закажеме седницата за утре. Меѓутоа, ако вие бидете кратки со министерот, оваа точка да ја завршиме со две-три минути, тогаш би ви дал збор.

Господине Сибиновски, повелете.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Благодарам почитуван потпретседателе.

Мојата процедурална забелешка е по однос на спомнувањето на имиња кои што не се во Парламентот. Навистина, сите оние кои што на некој начин го поддржуваат овој закон, сега да бидат спомнувани во негативна смисла, не е убаво. Имаше одредени искажувања од почитуваниот господин за овој закон, меѓутоа, од она што го кажуваше и времето што го потроши, тие беа можеби 0,5%. Затоа, навистина, не делуваше убедително, ниту пред нас пратениците, ниту пред министерот, ниту пред македонската јавност, а посебно пред луѓето кои се занимаваат со оваа област дека нивното кажување е релевантно и дека треба да се попречи донесувањето на овој закон. Морам да ви кажам дека не сакам тука да разговарам и да размислувам во врска со односите на ВМРО и СДСМ. Јас со министерот имав одредени дијалози, дури по два, три саати за одредени работи кои што требаше да се вметнат во овој закон. Сега,

навистина сметам дека ќе може да се применува во праксата, не само заради тоа што овој закон е предложен од министер кој што доаѓа од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Тие работи да ги оставиме, сметам дека овој закон треба да го донесеме, а праксата ве убедувам дека ќе донесе и ќе каже дека овој законски проект има многу повеќе позитивни работи, отколку негативни.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам г. Сибиновски.

Еве, ќе и дадеме шанса и на г-ѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Ви благодарам г. потпретседателе,

Ќе се обидам да бидам сосема кратка. Морам да констатирам дека изборната кампања почна и дека ништо не може да ја сопре, така што тоа е тоа, веројатно, ова ќе го имаме и понатаму во реприза на повеќе седници.

Она што ми пречи и за што најмногу се јавив за збор, е сепак, една лоша формулација која беше употребена дека овде имавме дискутанти кои му се адвокати на г. министер Марјан Ѓорчев. Морам да го разочарам соговорникот, бидејќи на г. Марјан Ѓорчев не му требаат адвокати. Тој е еден, би рекла, од најелоквентните министри во Владата, така што нема потреба од тоа. Ќе повторам, тој е еден од најелоквентните министри и нема потреба од адвокати од страна на паратеничката група, меѓутоа, ако ги споредиме стенограмите и гласањето, очигледно е дека се разликуваат, намерата не ми е тоа.

Сакам да кажам сосема накратко дека многу сум задоволна од примерот што го истакна последниот дискутант, зборувајќи за едно семејство, кое што незнам дали мислеше на сопственото, бидејќи спомна и пратеник, од следниот мандат пратениците ќе бидат сите професионалци, така што ќе нема потреба да се бавиме со додатни дејности. Нека и не бидат професионалци, доколку се работи за некое друго семејство, жалам што морам да го разочарам, меѓутоа, токму тука е револуционерното откритие на овој закон. Ние не им браниме на сите семејства да се бават со земјоделство, садење на пиперки и патлиџани и други работи од земјоделството за сопствени потреби. Меѓутоа, се додека така размислуваме за земјоделството тоа ќе живурка и ќе прави нелојална конкуренција. А, тогаш кога ќе почнеме да размислуваме за земјоделството како вистинска дејност, тоа нема да биде додатна дејност од која што ќе живее едно четворочлено семејство, туку ќе му дадеме шанса на оној кој што ќе сака навистина да се бави со земјоделство, да биде земјоделец во вистинска смисла на зборот и тогаш Македонија навистина ќе има просперитет.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

И благодарам на колешката Ѓулистана Марковска.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Благодарам почитуван потпретседателе,

Голем дел од мојата дискусија кажа пратеничката г-ѓата Марковска, меѓутоа сакам некои работи да потенцирам. Овдека овој закон, овој предлог на закон во една досега нерегулирана дејност прави еден ред, кој што навистина заслужува внимание. Бидејќи нашиот земјоделец, нашиот производител, повеќе нема да биде како досега некое така минијатурно производство сам за себе итн. Меѓутоа, со ова ние правиме тој да биде професионален, да произведува, да применува технички мерки, да го зголемува производството и да има што поголемо производство. Тоа ќе биде од полза и за него и за неговото семејство, а и за државата во целина.

Во оваа прилика, морам да направам споредба со Законот за пратеници. Ние тој закон за пратеници, навистина, и тука создава еден ред кој што ние досега како пратеници, морам да кажам да себе, еве, ќе бидам скромен, голем дел има тука и директори, професори итн., кои што се на своите работни места, ниту се присутни на нивните работни места, ниту се директори, а ниту се пратеници. Ние овде мака мачиме со кворумот, токму затоа што ние немаме професионалци пратеници. Така и овдека, ние имаме мноштво земјоделци кои што досега се само со името земјоделци. Со овој закон ќе останат оние вистински професионалци, кои ќе произведуваат многу повеќе, многу поквалитетно за добробит и за него и за државата.

Многу ви благодарам почитуван потпретседателе.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на колегата Батковски.

Е, сега, колега пратеници, да се договориме. Имав пријавени за реплика г. Ило Илоски, Љубомир Поповски, па веројатно ќе се јават и други.

Очигледно, нема расположиение оваа точка да ја завршиме вечерва, така што да бидеме пред нашите колеги исправни, тие постат, јас ја закажувам седницата за утре во 11,00 часот.

Ви благодарам.

Седницата прекина со работа во 16,20 часот.